**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Четвртото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јануари 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Неждет Мустафа, Славица Грковска, Зоран Томиќ, Цветанка Ивановска, Славица Станковска, Иван Анастасовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Јусуф Арифи, Ружди Матоши, Ејуп Рустеми, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Михајло Ѓорѓиевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Никола Груевски, Љупчо Мешков и Лилјана Ивановска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Повелете господине Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да го искажам револтот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од неодговорниот однос на пратениците од пратеничките групи на СДСМ, ДУИ и ПДП и ние вчера ја прекинавме седницата поради немање кворум ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, не сте во право. Ако сакате да има кворум и вие треба да бидете присутни тука. Сега имаме кворум и можеме да работиме.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Претресот по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски и заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, 3 гласале за амандманот, 1 воздржан и 62 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 точка 2, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед на тоа што се работи за истиот амандман при донесувањето на законот, Владата не го прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ни се даде уште еднаш можност да се обидеме да го убедиме парламентарното мнозинство во она што го бараме со овој амандман. Имено, со овој амандман сакаме да го измениме ставот 1 од точката 2 на член 3 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, кој практично го менува членот 7 од основниот закон за државјанство на Република Македонија.

Ние сметаме дека 8 години од поднесувањето на барањето за законски постојано да живее на територијата на Република Македонија, да не биде 8 години туку 10 години, бидејќи сметаме дека правото на државјанство е право на државата, а не на странците кои тоа го посакуваат. Од тие причини се предлага дозволената рамка од Европската конвенција за државјанство, односно до поднесувањето за барањето на државјанство странецот постојано да живее на територијата на

Република Македонија најмалку 10 години, но со важност на овој законски цензус, од приемот на Република Македонија во Европската унија.

Се разбира, најпрвин треба да се разгледаат и анализираат резултатите од пописот кој неодамна заврши, бидејќи беа објавени некои резултати, меѓутоа не се објавени по етнички структури, по социјална структура и да се утврди бројот на лицата без македонско државјанство кои живеат времено или постојано на територијата на Република Македонија. Да се утврди нивната социјална и етничка структура, па дури потоа да се пристапи кон промена на овој закон. Ние тоа го кажавме на претходните седници кога се расправаше за законот пред да биде вратен од претседателот на Републиката. Затоа сметаме дека овој законски цензус од 8 години е неприфатлив за Република Македонија, со оглед на состојбата во која се наоѓаме, со оглед на опкружувањето во кое се наоѓа Република Македонија. Затоа, со овој амандман предлагаме овој цензус да биде 10 години, што не се коси со Европската конвенција за државјанство во која се вели дека може да биде од 5 до 10 години. Десет години веќе имаат некои европски држави од Европската унија. Значи, тоа не го нарушуваме. Меѓутоа, со ова во Република Македонија ќе се овозможи да биде малку постабилна и да не се нарушат, во моментот овие кревки економски, социјални и било какви проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 10 гласале за амандманот, 1 воздржан и 62 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Со овој амандман бараме да се брише ставот 4 од членот 3 на предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со кој се вели: "По исклучок од став 3 на овој член, ако странската држава не дава отпус, или за отпусот државата поставува такви услови кои странецот не е во можност да ги исполни, а при тоа да не се создадат егзистенционални или беззбедносни проблеми за него и неговото семејство, тој ќе биде примен во државјанство на Република Македонија, ако даде изјава дека се откажува од странското државјанство".

Со овој амандман ние бараме ставот 4 да се брише.

Причните поради кои се бара е дека овој став е во спротивност со предложениот член 4 или поточно предложениот член 7-в, во кој се вели: "странец кој поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија, ќе му се издаде гаранција дека ќе биде примен во државјанство на Република Македонија, доколку ги исполнува условите од член 7 став 1 точки од 1 до 9 од овој закон".

Во ставот 2 се вели: "Ако странецот од став 1 на овој член, во рок од 2 години од денот на врачувањето на гаранцијата не поднесе доказ, во смисла на член 7 став 1 точка 10 на овој закон, ќе се смета дека се откажал од своето барање".

Овие два става од двата различни члена апсолутно се исклучуваат еден со друг. Не може во членот 3 да стои "по исклучок". Не смее да постои исклучок, затоа што исклучокот од ставот 4 е регулиран во членот 7-в. Од овие причини барам амандманот да биде прифатен од страна на пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници, 12 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржан, а 59 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на нов член 7-а, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине претседателе, почитувн министре,

Со амандманот 4 предлагаме да се промени членот 7-а кој се однесува на стекнување државјанство на Република Македонија со природување или лице со признат статус на бегалец, ако до поднесување на барањето за приме во државјанството, законски постојано живее на територијата на Република Македонија најмалку 6 години и ако ги исполнува условите наведени во член 7 став 1 точка 1.

Ние предлагаме а се промени овој член со тоа што новиот член 7-а би гласел дека државјанство на Република Македонија со природување може да стекне лице без државјанство или лице со признат статус на бегалец, ако ги исполнува условите од член 7 став 1 од овој закон.

Што сакаме да постигнеме со оваа измена, односно со овој амандман? Сакаме да кажеме дека и лицето без државјанство и бегалецот се странци и непостојат никакви причини да бидат попривилегирана положба бегалците од останатите странци, при приемот во државјанството на Република Македонија. Со овие измени на чрлен 7-а, ги изедначуваме условите за сите странци за прием во државјанство на Република Македонија, кои се утврдени во членот 3, односно во членот 7 во законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратеници, 13 пратеници гласале за амандманот, 2 воздржани и 60 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 7-в, став 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Оваа измена се однесува на членот 4 или новиот член 7-в, каде се зборовите “дека ќе биде”, се заменуваат со зборовите “дека може да биде”. Зошто е ова вака, ќе го прочитам членот 7-в од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство.

“На странец кој поднел барање за прием за државјанство на Република Македонија, ќе му се издаде гаранција (потенцирам), дека ќе биде примен во државјанство на Република Македонија, доколку ги исполнува условите од 7 став 1 точка од 1 до 9 од овој закон”. Значи, ние предлагаме, место “дека ќе биде”, да стои “дека може да биде”, бидејќи таа формулација е прифатена уште во членот 7 од основниот закон или во членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство во кој се вели “државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец кој поднеле барање за државјанство на Република Македонија, ако ги исполнува следните услови”. Значи, со природување може да стекне. Доколку ова не се промени, на некој начин се гарантира или

однапред се обезбедува дека ќе добие државјанство, доколку ги исполнува тие услови. Инаку, смислата на целиот закон е дека може да добие, меѓутоа, не и сигурно дека ќе добие. Можеби се работи за мала измена, меѓутоа сметаме дека е суштинска. Затоа и го поднесуваме овој амандман и сметаме дека треба да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкуно 74 пратеници, 14 гласале за, 1 воздржан и 59 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Од она што јас можев да го читам законот и овој амандман сега, амандманот е безпредметен, затоа што зборото “спортски” е содржан во ставот 1 од членот 11 односно од сегашниот член 8. Според тоа, за мене овој е безпредметен затоа што тој збор е содржан во самиот став 1.

Меѓутоа, би сакал, затоа што причината за самото враќање на овој закон беше токму тоа што и претседателот на Република Македонија не го потпиша указот за прогласување на Законот, па да ја искористам оваа прилика уште еднаш сасмо да го образложам ставот и уште еднаш да го образложам членот 11 односно членот 8 од сегашниот закон, затоа што со писмото општествените станови кое претседателот на Република Македонија го врати овој закон повторно во собраниска процедура, во последниот став 3 образложувајќи ги причините зошто не го потпиша указот вели: “Дел од македонскиот народ се и македонците (и сега буквално зборовите) кои никогаш не живееле во Република Македонија, но нивната

национална припадност јасно зборува за нивната јасна и цврста поврзаност кон Република Македонија”.

Според тоа, на претседателот мислам дека недоволно му ги образложиле причините и можеби и самиот не го видел законот, затоа што во ова образложение и самиот, најверојатно не прави јасна разлика што е тоа државјанство, а што е национална припадност. Затоа и самиот вели дека се работи за дел од македонскиот народ, македонците кои никогаш не живееле во Република Македонија.

И при донесувањето на Законот образлагавме, токму и затоа и сега сакам да образложам, она што и претседателот ја користи формулацијата “кои никогаш не живееле во Република Македонија”. Значи, се работи за луѓе кои се странци.

Членот 8, односно членот 11 поранешен, постојниот закон гласи: “Странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1 и 8 (а тоа значи само да е полнолетен и да не ја загрозува безбедноста и одбраната на државата), може со природување да стекне државјанство на Република Македонија, ако тоа претставува особен, научен, економски, културен, спортски или друг национален интрес.” Според тоа, не треба да се прави мешање што е државјанство а што е национална припадност. Како што и претседателот Трајковски вели, македонци кои никогаш не живееле во Република Македонија, значи се странци, независно дали тие живеат во соседна Република Грција, Албанија или САД, ако никогаш не живеел во Република Македонија, е странец. И сегашниот член 8 односно поранешниот член 11 токму тоа го овозможуваат, странец кој претставува национален интерес може да се стекне со македонско државјанство. Така да, и причините за враќање на овој закон содржани во писмото на претседателот, навистина беа непотребни и безпредметни, како што е фактички и амандманот 6 кој пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поднесе. Според тоа, за мене е безпредметен и не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор.

Ма збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас сметам дека токму тоа што го искажа министерот, што се поистоветуваат сите странци државјаните на другите држави со македонско етничко потекло односно македонците по род не претставува интерес на Република Македонија, а најмалку интерес на тие лица, затоа што сме свесни за историските случувања во минатото и свесни сме дека голем дел од макеоднците кои потекнуваат од Македонија, меѓутоа надвор од сегашните граници на Република Македонија , а се македонци по род, имаат навистина добиено друго државјанство, меѓутоа ние не можеме да ги третираме на поинаков начин како што тоа го правиме со другите странци.

Од овие причини, јас сметам дека и самиот факт што во претходниот Закон за државјанство, то е предмет на овие измени и каде што стоеше како посебен научен, економски, културен, спортски , постоеше посебен интерес за добивање македонско државјанство кое што се однесуваше за македонците по род. Основното прашање што се поставуваше при претходната расправа по овој Закон е наведено во однос на враќањето на овој закон и образложението што го добивме од Претседателот на Републиката се оденсува баш на тоа зошто се врши бришење на овој посебен интерес на Република Македонија да добијат лица кои се македонци по род на полесен начин државјанство на Република Македонија , затоа што сме свесни дека Република Македонија е единствена матична држава на овие лица. На тој начин ќе се олесни нивната комуникација и остварување на нивните права и нивните врски со Република Македонија .

Во членот 8 од Предлогот на законот што е доставен до ова Собрание и беше усвоен на претходната седница на Собранието се вели дека членот 11 став 1 се менува и гласи: странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точките 1 и 8 од овој Закон може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес. Значи, ако тргнеме од оваа логика што ја споменувам, по која што оди минситерот, фактички научниот интерес на Република Македонија што се однесува на одредени лица што претставуваат научници, можат да дадат некаков придонес за Република Македонија . Економскиот интерес или оној кој ќе вложи во Република Македонија ќе инвестира во Република Македонија или на друг начин Република Македонија ќе има економски интерес од тоа лице. Културен или лица кои се значајни и даваат придонес за културата на Република Македонија , а се странци. Спортски интерес што значи дека може член на некој фудбалски,

ракометен или некој друг клуб кој е странец да добие на олеснителен начин државјанство на Република Македонија , е истакнат како посебен интерес и точно е наведено зошто е тоа посебен интерес на Република Македонија .

Меѓутоа, кога се работи за македонците по род, лицата кои низ историјата навистина преживејаа големи трагедии во однос на тоа што им се случуваше се подведени под терминот “ друг национален интерес”. Во правото, знаеме сите, кога стои “ или други работи” тоа значи работи што се помалку значајни од оние што се истакнати како примарни во однос на условите што треба да бидат определени или определиви по основа на определување за посебниот интерес на Република Македонија . На овој начин директно се врши бришење на македонците по род како посебен национален интерес на Република Македонија иако тоа со ништо не придонесува за нарушување на правата на другите граѓани на Република Македонија кои не се со македонско етничко потекло.

Во членот 8 од овој Предлог, Владата ни доставува предлог во членот 11, ставот 1 да се додаде нов став 2 кој гласи - Владата на Република Македонија со уредба ќе ги утврди критериумите, за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство во смисла на став 1 од овој член. Значи, овде и во овој став што се предлага Владата вели дека со посебна уредба ќе ги утврди критериумите за овие посебни интереси за Република Македонија односно по конкретно ќе утврди што значи научиен, што значи економски, што значи културен, што значи спортски интерес на Република Македонија .

Меѓутоа, мене не ми е јасно како ќе утврди кој е тој “ друг национален интерес”. Дали во “друг национален интерес” ќе бидат подведени сите оние работи што би можеле да претставуваат некаков национален интерес, а во склоп на сите тие “други работи” ќе биде и националното потекло на граѓаните на други држави кои имаат државјанство на други држави, а се македонци по потекло кои живеат во Австралија, во Америка, други западно европски или други држави во светот ќе бидат наведени како дел од овој “друг национален интерес”.

Значи, на овој начин се врши девалвација на позицијата, на лицата кои се македонци по потекло и со бришењето на одредбата, каде што, еве јас сега можам да ви го прочитам тој член од претходниот закон каде што беше дефинирано дека макеоднците по род претставвуаат посебен интерес за Република Македонија и тоа се дефинира директно со тој закон.

Значи, претходниот Закон гласаше дека странец кој наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Македонија , ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес, во овој Прдлог е додаден и спортски, меѓутоа националниот интере е бришан. Тоа беше наведено на следниот начин. вели - посебно за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија . Сега немаме стекнување на државјанство на Република Македонија под повластени услови кое што се однесува за користење кон македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија .

Неприфаќањето на овој амандман, не прифаќањето на сите наши аргументи што ги искажавме во претходните дискусии по однос на ова прашање, неприфаќањето на укажувањето од страна на Претседателот на Република Македонија сметам дека не претставува ништо друго туку држење до некаков принцип да не се прифатат аргументирани работи што доаѓаат како предлог од страна на опозицијата, од страна на други институции на државата, а кои што се однесуваат, навистина, на подобрување на текстот на овој закон.

Ние, со ниту еден збор до сега не слушнавме кои се причините поради кои што Владата не прифаќа ова да стои во законот. Беше тоа објаснувано со неусогласеност со Европската конвенција за државјанство, меѓутоа овде тоа не е случај. Со истакнвуањето на македонците по род, како лица кои можат под привилегирани услови да стекнуваат државјанство на Република Македонија и со тоа што тие нема да се третираат како секој странец, како секој друг странец, навистина ќе покажеме дека се грижиме за правата на нашите сонародници кои живеат во странство, имаат странско државјанство,  а истовремено ќе покажеме дека го почитуваме и членот 49 од Уставот на Република Македонија каде што стои дека Републиката има Уставна обврска да се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, да го помага нивниот културен развој и да ги унапредува врските со нив. Дали со бришењето на оваа можност за добивање на државјанство на овие лица претставува унапредување на врските со нив од страна на државата Република Македонија?

Исто така, Европската конвенција за државјанство не ја суспендира повеќе државноста. Напротив, ја институнационализира. Точно е дека државјанството е правна врска помеѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на

лицата. Уставот на Република Македонија , тоа го има веќе санкционирано и така сите граѓани, без разлика на нивното етничко потекло ги доведува во еднаква положба пред Уставот и законите. Но, тоа не го суспендира правото на државата да издава државјанства на македонци по потекло кои живеат надвор од нејзините граници, имајки ги предвид историските хипотеки и делби на Македонија и македонскиот народ и членот 49 од Уставот на Република Македонија кој што го цитирав. И повторно и покрај ова сите пред Уставот и законите ќе бидат еднакви и членот 49 од Уставот на Република Македонија навистина ќе биде применет.

Етничките македонци, како државјани на Република Македонија навистина имаат посебен интерес да се внесе ова решение во Законот, затоа што, навистина, врската што постои помеѓу нив и нивните сонародници кои имаат странско државјанствоне може да биде анулирана со непоставување на вакво законско решение. Меѓутоа, во иста мерка и албанците што се по потекло од Република Македонија ги уживаат истите права, истите слободи предвидени со Уставот на Република Македонија и со внесувањето на оваа одредба во овој Закон навистина не може да се подведе под никаква дискриминација по однос на нив ако се истакне тоа решение во овој закон.

И на крајот сакам да истакнам една работа што се однесува на решението соуредба Владата да ги регулира овие праања, тоа е добро, дека Владата ќе ги прецизира критериумите кои треба да бидат почитувани во однос на добивање македонско државјанство по однос на ова прашање, меѓутоа законското решение во кое што ќе бидат наведени македонците по потекло, како посебен национален интерес, навистина претставува основен национален интерес на Република Македонија , сметам дека после сите овие работи што ги слушнавме, после поставувањето по втор пат на овој закон за државјанство пред ова Собрание, треба да се има слух и да се разберат слушнатите аргументи и да се прифатат, затоа што сигурно никој нема ништо против ова, а не се коси ни со Европската конвенција за државјанство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор министерот, господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам господине претседателе.

На кратко би сакал, затоа што навистина еве пак и во оваа дискусија повеќе време беше потрошено не на тоа што е самиот амандман, туку за да не остане повторно погрешна претстава. Не знам, навистина можеби ќе треба со некои шемички да почнеме да правиме.

Што е македонец по потекло кој е роден во Република Грција и има грчко државјанство? Овде се користи прецизна правна формулација. Тој човек роден во Грција кој има грчко државјанство има грчко државјанство и е странец. Тоа е од аспект на државјанството. Другото, национална припадност, дека тој се чувствува како македонец по потекло е друга работа. Овој член 11 ама никого, буквално не исклучува од правото по национален интерес да добие државјанство.

Меѓутоа, верувам дека, навистина не ни треба, наводно сега вакви борци по кажување во исто време кога овде, пред мене стои Решението од 24 мај 2002 година потпишано од поранешниот министер Љубе Бошковски, во кое се прима во државјанство на Република Македонија Ариф Арифи, по овој член, значи по членот 11, национален интерес, Ариф Арифи роден на 5.09.1945 година во Лештане - Драгаш СР Југославија од татко Саид, државјанин на СР Југославија. Барање поднесено на 20 мај, Решение дека се прима во државјанство, а видовме навистина макеоднец по потекло, Решението е донесено на 24 мај 2002 година, подигнато на 27.07.2002 година, значи пред парламентарните избори и се до тука, еве да речеме дека тој национален интерес од тогашниот член е следен, меѓутоа има само еден единствен проблем. Овој човек година дена пред да му се издаде решението е починат. Според тоа, да не покажуваме овде прикаски сега некој големи борци за национални права и т.н. а да не го читаме членот така како што е и како се злоупотребува.

Благодарам.

(Пратеници се јавуваат за реплика)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На амандманска расправа не давам реплика.

Повелете господине Стојановски, имате минута контра реплика, бидејќи ова беше реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас само сакам да кажам една работа дека зборуваме за стекнување на македонско државјанство со природување. Ова претставува посебен интерес на Република Македонија . Ако како посебен интерес на Република Македонија е истакнат научниот, економскиот, културниот и спортскиот интерес, тогаш другиот национален интерес зошто не е наведено дека македонците по потекло претставуваат национален интерес, како што е тука наведено “ друг национален интерес”. Само тоа се бара. А, од друга страна , вакви конкретни работи за кои што се зборува, решение вакво, решение такво, мислам дека не е овде место да дискутираме за управни постапки што завршиле вака или онака во некои периоди station наназад.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине претседателе.

Почитувани колеги, почитуван г-дин минситре,

Јас сакам во свое лично име да го подржам овој амандман. Ова е истиот амандман што го имав со колегата Апостолов кога минатиот пат се предалгаше овој Закон и кога се водеше амандманска расправа кога го предложив. Така што јас за месец, два, не можам да си го сменам ставот. Значи и понатаму сметам дека македонците по потекло, оние кои се чувствуваат како македонци по потекло треба да стојат експлицитно наведени во Законот и затоа ќе го подржам овој амандман.

Инаку,мене ме радува тоа што со Владата сме на чисто дека тоа и е национален интерес и јас сум убедена дека според критериумите што ќе бидат подготвени тоа и ќе биде влезено како критериум. Тоа го поздравувам. Меѓутоа, сепак сметам дека треба експлицитно и во Законот да стои дека македонците по потекло имаат приоритет за добивање државјанство.

Јас во оваа прилика тоа нема да го наведувам, тоа го има во записниците од моите поранешни дискусии. Тогаш наведов податоци од многу држави и европски и кои сега стануваат европски каде што токму експлицитно имаат таков третман на

своите сонародници по род што сакаат да стекнат нивно државјанство. Значи, не е тоа некоја измислица дека ние инсистираме тука да стои експлицитно во Законот наведено. Но е пракса во други држави.

Сосема на кратко, уште еднаш, го подржувам овој амандман и мислам дека би било добро, за да нема забуни, за да нема можности за различни толкувања и во крајна линија за да нема можност за шпекулации дека некој е повеќе за или помалку за една таква одредба. Инаку, апсолутно е јасно, Владата се произнесе дека тоа е национален интерес и верувам дека така ќе постапува.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дообјаснете се господине минситре.

ХАРИ КОСТОВ:

Мислам дека пратеничката Лилјана Поповска фактички изгледа ги нема пред себе амандманите. Ние немаме таков амандман, сега за кој што зборуваем. Овој амандман за кој што сега зборуваме е дека во членот 11 ставот 1 позборот “културен” се додава “спортски”. Тоа е амандманот што е поднесен, а ние само кажуваме дека во самиот став 1 зборот “спортски” е содржан. Според тоа, овој амандман е беспредметен. На тоа укажуваме. А другиве дискусии, фактички ние немаме таков амандман сега што пратеничката Поповска го објаснуваше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Поповска има една минута контра реплика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се надевам дека не сум толку неписмена. Мислам дека се работи за стариот член според кој што останува, со оваа мала измена во зборовите, но останува старата формулација за македонци по потекло. Ова е едно додавање, дополнување на старата верзија на членот со кој што старата формулација за македонци по потекло останува. Мислам дека за тоа се работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Министерот се обиде со последното негово искажување на некој начин да го направи безпредметен овој амандман, меѓутоа, јас ќе напоменам дека ова Собрание постои 13 години, дека не е од вчера и овој амандман е правен заедно со собраниските служби врз основа на нашата идеја, а идејата ќе ја кажам сега, така што господине министре сето тоа што е напишано како предлог амандман, законски држи. Бидејќи, ние со овој амандман практично го менуваме членот 8 од Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, пак кој што член 8 од Предлогот на законот за изменување и дополнување, го менува членот 11 од постојниот Закон за државјанство на Република Македонија. Така што, таа врска е тотално опфатена и практично целта на овој амандман е да се дополни или да се измени делумно или малку, со еден збор постојниот член 11 од Законот за државјанство. Треба така да ви биде насочен одговорот при давањето, зошто да не се прифати овој амандман, иако јас искрено се надевам, верувајте, дека како што имавте желба да го прифатите овој амандман на претходната седница, се надевам дека и сега ќе прифатите амандман, вие неформално тоа сте го најавиле, и јас се надевам дека ќе биде токму овој. Зашто, со овој амандман што ние господине министре, го предлагаме, практично, членот 11 од постојниот закон, кој што за да нема дилема ќе се обидам да го прочитам, краток е, една речениза е, и вели вака: “По исклучок од член 7 на овој закон”, а членот 7 кажува под кои услови се добива државјанство, “странец кој наполнил 18 години живот, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија, ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес. Понатаму продолжува: “а посебно за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија”. Вие, господине министре, еднаш дадовте еден предлог на член 8, се обидовте да го измените, зборувам за претходната седница, значи вие како претставник на тоа Министерство, меѓутоа, гледајќи ги реакциите од јавноста, од стручните служби, од експертите на самата седница на Собранието тогаш го изменивте тој член 8 и дадовте сосема нов член 8, притоа одредени амандмани кои што беа поднесени тогаш на таа седница за тој член 8, со оглед на тоа што се повикуваа на одредби на текстот и на поими, кои беа точно на предлогот на членот 8 кој што ни беше доставен, станаа безпредметни. Но, тука не успеавте да го

заобиколите ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи ние се досетивме па рековме членот 8 се менува и гласи, не навлегувајќи во содржината на вашиот амандман.

Инаку, со измената што сега се предлага, практично, со амандманот кој што беше прифатен, вие сами го изменивте на самата седница, вие само додавате еден нов став кој што вели: “Владата на Република Македонија со уредба ќе ги утврди критериумите за особен, научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство во смисла на став 1 од овој член”. Меѓутоа, притоа бришејќи ја последната одредба после запирката од член 11 од основниот закон, а тоа е “а особено за сите македонци по потекло кои што живеат надвор од границите на Република Македонија”. Сметам дека на овој начин им се ускратува правото на македонците по потекло, право кое што го имале со овој закон. Сега, вие ќе речете, не, тоа не е така, може да го добијат тоа право, а и јас се сложувам дека може, меѓутоа, тоа вие го оставате скриено во првиот став од овој член со амандманот што го предлагате и тоа го ставате во национален интерес и велите дека Владата ќе донесе уредба и критериуми врз основа на кои ќе направи, ќе каже кои се тие национални интереси, дали може или не може да биде ова национален интерес. Сметам дека на овој начин ќе настане еден начин на пазарење, еден начин на, да речам, игнорирање, на одоговлечување и слично, што значи може да се толкува така или онака. Исто така, сакам да спомнам дека со закон се утврдуваат условите за добивање на државјанство. Тоа право не може да се пренесе на Владата или на друг орган на Управата, па затоа крајно е неприфатливо со уредба, како што се вели во овој член 8 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, со уредба да ги утврдува критериумите за особен, научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија и тој предлог се предлага да се брише. Значи, нашиот амандман практично сака, вака обично кажано, да остане ист постојниот член 11 од основниот Закон за државјанство, со тоа што само ќе го додадеме зборот “спортски”, бидејаќи тој во основниот закон не е ставен и практично ние не го менуваме членот на текстот некоја мала измена не правиме на нашиот предлог на измена на закон, туку на основниот закон. Инаку, претседателот на Република Македонија со писмо на 18.12.2003 година, запазувајќи го своето уставно право, го врати Законот за државјанство т.е. не го потпиша указот, токму поради овој член. Исто така, сакав да напоменам, за мала дигресија, во овој закон имаме три клужни измени. Едната е од 8 на 10 години цензусот. Вториот е што се

оневозможува експлицитно и дирекно да се даде правото на македонците по потекло да стекнуваат државјанство на Република Македонија и третиот односно третата битна измена е правото на сукцесија од поранешните републики на Југославија, каде поново се дава како право.

Затоа, со оглед на тоа што има многу аргументи, еве и писмото на претседателот, јас поново не би го образложувал, затоа што го образлагаа повеќе пратеници и министерот, меѓутоа, министерот малку во понегативна конотација, сметав дека се доволно аргументи да се прифати овој амандман и апелирам до сите пратеници, бидејќи ние ништо ново не правиме, само ускратуваме со ова. Ние сакаме да остане постојната одредба, која што верувајте, воопшто нема да направи никакви проблеми, туку напротив со истиот начин на кој што се давало државјанството, да се продолжи и понатаму, т.е. за македонците по потекло кои што живеат надвор од границите на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Министерот, г. Хари Костов, повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам, само накратко.

Претседателот на Република Македонија на 18.12. со свое писмо, значи писмото примено во Собранието на Република Македонија на 18.12. го врати уште еднаш законот за државјанство. Ние денеска имаме сите пратеници еден текст на закон, фактички оној што е усвоен на декемвриската седница на Собранието, така како што гласи, дури без насловна корица околу претставници, повереници итн. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на 10.01.2004 година од 36-те или 37-те пратеници ги поднесе амандманите кој што гласат, уводниот дел, врз основа на членот 165 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, на Предлог законот за изменување и дополнување на законот. Значи, тоа е оваа верзија што тука ја имаме, поднесоа амандмани. Овој амандман сега што се образложува гласи: “членот 8 се менува и гласи”, значи во оваа верзија што сите денес ја имаме пред нас “во членот 11 став 1  по зборот “културен”, се става запирка и се додава зборот “спортски”. Сега ќе го прочитам членот 8 став 1 од верзијата, Законот што го имате пред вас: “странец кој што ги исполнува условите тие и тие, со природување да

стекне државјанство на Република Македонија, ако тоа претставува особен, научен, економски, културен, спортски". Тоа е амандман од ВМРО-ДПМНЕ што го поднесе. Значи, после зборот "културен" се става запирка и се додава зборот "спортски". Во текстот читајте го ставот 1, тоа пишува, културен, спортски. Затоа, велам дека независно од тоа што им било желбата да кажат, овој амандман е безпредметен и содржан и уште еднаш е ставот на Владата на крајот, ако не е околу тоа дека не можеме да се разбереме дека е безпредметен, Владата овој амандман 6 на претничката група на ВМРО-ДПМНЕ, не го прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трајановски повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, јас само би сакал да му напоменам на министерот дека ги имам сите закони тука пред мене, основниот закон, предлогот на законот, кој што беше на минатата седница и законот кој што сега како пречистен текст кој што требаше да го потпише претседателот т.е. указот за негово промовирање и во тој закон изменети се 4 члена, 4 амандмани од Владата, два дадени пред седницата во нормално време, два дадени на самата седница, вклучително и овој и го нема амандманот од ВМРО-ДПМНЕ кој што вие го прифативте. Значи, сосема јасно ние знаеме за што зборуваме. Ние, со овој амандман практично го менуваме членот 8 од предлогот на Владата или од законот кој што сега ни е даден како пречистен текст, практично, овој член 8 го менува член 11 од основниот закон. Ние со овој амандман го менуваме членот 11 од основниот закон. Нема никаква забуна со тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Блаже Стојаноски, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Само сакам да му кажам на министерот следното. Член 11 од важечкиот закон за државјанство гласи "по исклучок од член 7 на овој закон, странец кој наполнил 18 години живот, може со природување да стекне државјанство од Република Македонија, ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален

интерес, а посебно за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија". Во вашиот предлог од Владата стои дека овој став се менува и гласи: "странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1 и 8 на овој закон може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува од особен, научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес". Значи, се додава зборот "спортски" се брише делот кој се однесува за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија, а тоа се заменува со друг национален интерес. Ние предлагаме членот 11, став 1 да гласи на следниот начин, за да нема дилеми. По исклучок од член 7 на овој закон, странец кој наполнил 18 години живот, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија, ако тоа претставува посебен научен, економски, културен, спортски и друг национален интерес, а посебно за сите македонци по потекло, кои живеат надвор од границите на Република Македонија. Фактички, ние во целост го менуваме членот 8 од вашиот предлог закон, каде што стои дека македонците по потекло, немаат повеќе право како од посебен национален интерес да стекнуваат државјанство, туку тоа е сведено под терминот друг национален интерес, кој што може да се толкува вака или онака, зависно од Владата на Република Македонија, која што тоа треба да го уреди со уредба, а уредувањето на условите за стекнување на државјанство, знаете и самите, може да се направи само со закон. Затоа, ние велиме во овој закон да стои посебно за сите македонци по потекло, кои живеат надвор од границите на Република Македонија, да можат да стекнат со природување државјанство на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија е јавен г. Ефтим Манев, повелете.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека предложениот амандман на членот 8 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за државјанство е далеку пореален, поблизок до стварноста, отколку што е поднесениот односно поднесените измени на членот 11 став 1 од страна на Министерството на Владата. Што е спорот во оваа одредба? На повеќе начини досега министерот даваше образложение по однос на амандманите кои што ги имаше без број, барем на таа одредба, сето тоа се

однесува претежно на зборот, кој што треба да стои во законот или стоел досега во основниот закон, македонци зборот или македонци по потекло. Тоа досега стоеше, а сега со овие измени го нема тој збор.

Министерот тоа го објаснува дека тоа право на македонци по род, кои се родиле и кои живеат надвор од Државата, за мене, тоа е потенцирано со зборот национален интерес. Колку сакаме да размислуваме дека тоа е таму целосно дефинирано, сметам дека таму може да дојде под таквото решение, а не мора. Зошто, барем овој Парламент, на овој дел во законот да имаме недоразбирање, за кое нешто токмју никој не би имал против во Република Македонија , ниту пратеници од позиција и од опозиција, па и од етничките заедници, кои се помалку бројни од македонците, и тие не би имале такво нешто, затоа што се работи за македонци. Дали, да се запрашаме, било кој народ кој живее во некоја друга држава како малцинство, неговата матична држава не му обезбедува вакво нешто, тоа е приоритет во правото, ништо друго. Неспорно е дека тие луѓе се странци, но зошто, доколку се идентификуваат како македонци, да не пружиме рака како македонец да има приоритет во стекнувањето на правото на државјанство, ако некој побара да се врати. Зборуваме за некои прави повеќе од хуманитарна природа, а инаку не би имало никаква пречка ни надворешни држави, ни Европската повелба за некое право ако му дадеш повеќе од тоа што е пропишано во Повелбата. Во Конвенцијата ако пишува да се стекнува државјанство најмалку за 5 или 10 години да има право да побара, ако било која држава или ние овде ако ставиме дека таквото право може да го побара со 3 години, дали ние ќе ја прекршиме Конвенцијата? Ни малку. Би ја прекршиле ако ставиме 15 или 20 години.

Затоа, сметам дека министерот не би згрешил со ништо, ниту би направил победа на било која одредба, ниту на концепт на Владата, на ниту еден закон, ако се прифати овој амандман, со него ќе се отклони една дилема дали македонци по род, кои сакаат да поднесат барање за државјанство на Република Македонија, живеат во некоја друга држава, тоа да се решава со подзаконски акт на Влада, со уредба, кога е многу посилно ако е решено во законот. Што е тоа, ако е денеска оваа Влада, утре друга Влада и така ќе се менуваат и секоја влада може да носи најразлични уредби и најразлични пречки во тој дел. Најнапред, сакам да укажам дека не знам дали ќе се појави таква личност да побара државјанство во Република Македонија кој е македонец по род, од причини што денеска ние сме во една таква тешка економска состојба, само го ставаме тоа како хуманитарно право, ништо повеќе.

Затоа, сметам да излеземе од ова нешто, министерот треба да го прифати амандманот и со ништо нема да се поремети ниту законот, ниту да настанат било какви недоразбирања во Република Македонија дека нешто сме дале повеќе од тоа што го имаме. Сметам дека непотребно е да се држиме дека сето ова е опфатено во национален интерес. Во национален интерес има многу работи. Тоа е една општа одредба, се што можеш, а утре и не мора да го прифатам таквото нешто што го зборува министерот дека е национален интерес, да прифатиме државјанства на граѓани, на странци по род македонци, дека ќе ги прифатиме вака. Сметаме дека тоа треба да биде решено со закон.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За дискусија е јавен господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам госпоѓа потпретседателке, навистина, немав намера да се јавам за збор, но сепак, слушајќе ги некои пратеници, тие не поттикнаа да кажам неколку збора во врска со она што беше кажано од страна на пратниците, кои говореа пред мене. Јас, навистина, не знам во кои измени усвоени од Парламентот, од Собранието пишува дека македонците со етничко потекло не можат да добијат државјанство во олеснителни околности, како што е предвидено во овие измени.

Со измените усвоени од Собранието, а инкорпорирани како законски норми се елиминираат сите фаворизирања или пак голем број на идскриминирања, што е сосема во ред и е во целосна согласност со член 5 од Европската Конвенција, која што сега во согласност на уставните норми е составен дел на правниот систем.

Во оваа насока, сакам да ви кажам искрено што еднаш го реков, не сакам сега да се повторувам во средбите со експертите на Советот на Европа, сугерирале до нас ова прашање да го хармонизираме во согласност со член 5 од Европската Конвенција за државјанство, член кој што не дозволува фаборизирање или дискриминација од аспект на концесии, раса, етникум и тн.

Јас ќе повторам ушт едначш, член 8 од Предлог-законот усвоен претходно, никаде буквално не пишува дека македонците со етничко потекло немаат право да добијат државјанство или да се стекнат со државјанство со олеснителни околности,

но повторувам,  елиминира дискриминација. Доколку ова беше причината зошто претседателот не го потпиша Указот за прогласување на овие измени, а од друга страна секогаш се повикува на тоа дека е за интегрирање на Република Македонија во архитектурата на европските држави, јас сакам директно да испратам еден апел до претседателот на државата. Преку дискриминацијата никако не можеме да  се интегрираме во Европа. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за реплика е господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Во оваа дискусија беа кажани еден куп невистини. Првата невистиа е тоа дека со досегашниот закон биле дискриминирани другите кои што не биле македонци затоа што стоело дека  македонците по потекло биле посебен национален интерес на Република Македонија при стекнувањето на државјанство по пат на природување. Тоа апсолутно не е точно.

Втора работа,  претходниот дискутант вели дека  во овие измени кои се предлагаат на Законот за државјанство никаде не пишувало дека македонците по потекло не можеле да добијат државјанство. Јас би го прашал а каде пишува дека можат. Затоа што и самите велите дека на овој начин се елиминирала некаква дискриминација, се бришеле македонците по род или по потекло и на тој начин се обезбедувала рамноправност во верска, расна и тн. основа, затоа што тоа претставувало хармонизација по член 5 од Европската Конвенција за државјанство.

Меѓутоа, факт е едно дека со ова само се истакнува бришењето на македонците по потекло, односно се брише посебниот национален интерес на Република Македонија кој се однесува на стекнување на државјанство на македонците по потекло.

Јас незнам зошто вие реагирате како албанци, затоа што со ова апсолутно со ништо не се засегаат интересите на албанската етничка заедница во Република Македонија. Напротив, вие со ова треба да покажете  дека имате почитување кон македонскиот народ и кон македонците по род на кои што единствена матична држава им е Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Јашари повелете.

АДНАН ЈАШАРИ:

Вака господине. Пред мене го имам Извештајот на експерти на Советот на Европа доколку го имате, свртете ја страница 13 ќе видите што тие експерти сугерираат токму за член 11 на текстот , односно на Законот кој што е во функција. А таму пишува многу јасно им сугерираме на граѓаните на Република Маедонија за прашањата за кои тие сметаат дека се дискриминаторски да ги направат компатибилни со член 5 од Европската Конвенција за државјанство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија се јави господинот Јанакие Витановски.

ЈАНАКИЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке. Јас сметам дека овде се отвори расправа по членот 8, што во суштина не е тоа, бидејќи амандманот 6 кој го поднесува пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се однесува на сосема друга работа, односно во нивниот амандман се вели дека во членот 11 став 1 по зборот “културен” се става запирка и се додава зборот “спортски”. Ова за кое што тие се залагаат веќе е влезено во овој предлог на закон. А овде се отвори расправа по целиот текст односно по членот 8 од предложениот закон. Сметам дека овој амандман е беспредметен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господин Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке. Му благодарам на мојот почитуван колега Јанаке, меѓутоа се надевам дека барем се обиде да спомне дека македонците по потекло се бришат експлицитно веќе во законот, не постојат и повторно ќе повторам ние сосема знаеме и свесни сме  каков амандман сме поднеле и која е целта на амандманот и правнички, деловнички, законски е тоа  со стручните служби завршено.

Главната суштина на менувањето на член 11 од постојниот Закон зо членот 8 од измените и дополнувањата на Законот за државјанство, предложен од министерството е бришење практично во ставот 1 после запирката, а посебно за

македонците по потекло кои што живеат надвор од границите на Република Македонија. Јас се надевав дека барем ќе укаже дека е тоа во оној дел каде што се вели национален интерес, што не убедува и Владата дека практично по тоа ќе биде ставено. Меѓутоа, ние го кажуваме дека по тоа ставајќи го по национален интерес е многу широко и може да не биде остварувањето на правата на македонците по потекло. Значи станува право кое што ќе се толкува зависно од случај во случај. Затоа ние сакаме да укажеме дека со усвојувањето на овој амандман практично ќе се овозможи на македонците по потекло да го уживаат тоа право кое што го имаат веќе сега со постојниот закон за државјанство.

Инаку потпретседателке би замолил министерот да биде тука, за да би можеле со него да комуницираме. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, јас верувам дека министерот ова го следи и би го замолила ако може да влезе во салата.

За реплика на репликата се јавува господинот Јанакие Витановски.

ЈАНАКЕ ВИТАНОВСКИ:

Немав намера за реплика но ова што го зборува господинот Коце Трајановски не можам да го видам во нивниот амандман. Во нивниот амандман стои во членот 11 став 1 по зборот “културен” се става запирка и се додава зборот “спортски”. Каде го има другото што го зборува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Витановски пред малку незнам дали слушнавте вашиот коалиционен партнер во Владата ДУИ истакна по однос на оние препораки од Советот на Европа за кои што станува збор дека се сугерира за прашања кои се дискриминирачки да бидат избришани од Законот за државјанство. Со ова што го кажувате вие и вашата Влада прифаќате со ова бришење на македонците по потекло, како посебен национален интерес на Република Македонија, која што е нивна единствена матична држава дека тоа била дискриминирачка одредба и затоа

ја бришењет. Од овие причини не беше тука министерот, незнам дали слушна, меѓутоа добро би било кога би се истакнало дека вие не го приваќате она што го кажа пратеникот од ДУИ дека ова е дискриминирачка одредба и од тие причини се бришат македонците по потекло. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Јанакие.

ЈАНАКИЕ ВИТАНОВСКИ:

Јас се извинувам што можам уште еднаш вака да повторувам. Во амандманот стои по зборот "културен" се става запирка и се додава зборот "спортски" и ништо повеќе. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам сите колеги рпатеници да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Истовремено ги замолувам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Присутни се 64 пратеници.

Јас ве повикувам да гласаме за амандманот.

Гласале вкупно 62 пратеници, за гласале 11 пратеници а 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 8, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателке, овој амандман сами рековте дека се однесува на додавање на нов член 9-а покрај членот 9 со кој што се регулираат случаите со кои се губи државјанството.

Меѓутоа, во самиот Предлог на закнот за измени и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија кој беше поднесен од страна на Министерството за внатрешни работи како прв предлог и кој претседателот на Република Македонија не го потпиша,. беше кажано дека причините за донесување на овој предлог по скратена постапка  и скратувањето на роковите во постапката за донесување на законот се заради неопходно, итно усогласување  на одредбите на Законот за државјанство со одредбите на Европската Конвенција. А Европската Конвенција како што се вели во причините претставува значаен документ кој во рамките на Европа ги сублимира досегашните искуства од оваа област и утврдува начела и смерници за внатрешните законодавства на договорените земји. Значи ако мотивот бил поради итно и неопходно усогласување на одредбите на Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство со Европската Конвенција за државјанство, ќе потсетам само дека  во Европската Конвенција за државјанство во главата 3 за правила за државјанство во членот 6 се вели стекнување на државјанство. Во членот 7 имаме губење на државјанство екс леге или според закон или на иницијатива на државата престапничка. Токму од одредбите на амандманот кој го предлагаме 9-а се преземени од оваа Европска Конвенција во која експлицитно се наведени случаите кога државјанството на Република Македонија се губи, ако веќе имаме толку претходни одредби во предлогот во кој кажуваме како се стекнува државјанство и согласно неопходното усогласување со Европската Конвенција за државјанство, сметам дека овој амандман треба да биде усвоен. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме. Истовремено ги замолувам колегите пратеници кои што се надвор од салата да влезат да имаме сигурен кворум.

Ве повикувам да гласаме.

Јас се извинувам да го повториме гласањето, сигурно не сме 45 души во салата.

Уште еднаш ве повикувам да гласаме.

Јас ве молам да се утврди бројот на присутните пратеници во салата и истовремено ги повикувам колегите пратеници кои не се во салата да влезат и ако може да бидат тука затоа што имаме уште неколку амандмани по кои треба постојано да се изјаснуваме.

Значи во моментот на гласање имало 63 пратеници, така што гласањето е валидно.

Гласале од нив 57 пратеници, за гласале 9, воздржан 1 и 47 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 14, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, господине министре, колеги пратеници,

Амандманот 8 кој што го предлага пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ зборува за тоа дека членот 14 предлагаме да биде избришен.н Зошто? Ќе ви го прочитам најпрвин членот 14 кој се однесува и ја регулира материјата која се однесува на државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ и државјаните на СФРЈ кои на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште и до поднесување на барањето постојано живеат на територијата на Република Македонија дека можат да стекнат државјанство на Република Македонија, ако во рок од две години по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање, доколку против не се водело кривична постапка во Република Македонија и ги исполнуваат условите, нормално наведени во членот 7 став 1 точка 1 и 6. Зошто сметаме дека треба да биде избришан членот 14.

Најпрвин која е логиката повторно да се актуелизира прашањето за добивање на државјанство на Република Македонија за државјаните на другите републики од поранешна СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ кога тоа право еднаш веќе е апсолвирано со членот 9 и 7 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година и со членот 26 од Законот за државјанство на Република Македонија кои се донесени на седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 септември 1992 година. Македонија и без Европската Конвенција за државјанство со распаѓањето на поранешна СФРЈ таа обврска за државјанството по основ на сукцесија на поранешната СФРЈ ја апсолвира и ја санкционира. Тоа прашање е затворено и тука нема ниту уставен ниту пак законски основ за негово повторно отворање. Посебно заради фактот што станува збор не за лица без државјанство, туку за државјани на републики на поранешната СФРЈ. Во случајов станува збор во најголем дел за државјани на Република Србија, претежно од покраината Косово и Јужна Србија. УНМИК на Косово по тоа прашање исто така го апсолвира. Станува збор за лица кои што се родени во најголем дел на Косово и потекнуваат од Косово, за лица кои на Косово имаат матични книги на евиденција, за лица кои што УНМИК значи цивилната администрација на ОН на Косово веќе имаат лични исправи, за кои што по секоја цена се изнасилува државата Република Македонија да им издаде и македонски лични исправи за да може да се калкулираат во вкупното население на Републиката менувајќи ја на тој начин етничката структура на населението.

Неспорен факт е дека при пописот на населението уште во 1981 година тогашниот Сојузен завод за статистика го поништи пописот на населението на

Косово и во Северозападна Македонија, затоа што исти лица со масовни механички миграции за време на попишувањето се попишани и во Косово и во Македонија. Сите масовно од Косово во Македонија, за попис во Македонија и повторно сите заедно од Македонија на попис во Косово за време на пописниот период што беше даден од 15 дена со продолжение од по 5 дена. Само за споредба Турција на пример пописот го спроведува во рок од 24 часа и за време на попишувањето се прогласува забрана на движење и резултатите од попишувањето се познати за 24 часа и тука нема двојно или тројно попишување на едно исто население како што може да биде случај во Македонија.

Понатаму, членот 19 од Европската конвенција за државјанство, земјите сукцесори, прашањата за државанството ги уредуваат со договори помеѓу нив. Македонија таков договор нема склучено ниту со Србија, ниту со Србија и Црна Гора, ниту пак со УНМИК, ниту со која и да е друга Република сукцесор од поранешната СФРЈ. Уште повеќе што Македонија ниту побарала овие немакедонски државјани да обезбедат доказ за отпуст од државјанство во Косово од УНМИК, или пак од српските власти. Факт е дека станува збор претежно за граѓани по потекло од Косово кои што веќе го регулирале државјанскиот статус и на Косово и во Албанија. А, во Македонија, македонското државјанство ќе им служи само за зголемување на процентот во вкупното население по етничка основа.

Како пратеничка група сметаме дека тоа е и најопасниот член што може да се користи како вентил за добивање на државјанство на граѓаните од други Републики надвор од Законот за движење и престој на странци. И практично сметаме дека тука е и таа бројка од нови 80 илјади државјанства што често се споменуваа во јавноста. Нека каже министерот дали по овој член овие лица претходно треба да бидат евидентирани по Законот за престој и движење на стсранци, или пак треба да добијат државјанство само по овој нов член што се предлага.

Понатаму Владата не ни дава никаков податок колку лица се во постапка пред Министерството за внатрешни работи со пријава за државјанство на Република Македонија, каква е нивната етничка и социјална структура и на чии социјални фондови ќе легнат оние кои што немаат извор на приходи и егзистенција. Понатаму, Владата не дава податок колку лица без македонско државјанство живеат или се со некаков престој на територијата на Република Македонија и повторно каква е нивната социјална и етничка структура. Понатаму, Владата вели дека донесувањето на овој закон не бара дополнителни средства од Буџетот. Меѓутоа, дали се заборава

дека оние што ќе добијат македонско државјанство ќе бидат и на товар на социјалните фондови токму на Буџетот на земјата од кога ќе го добијат тоа државјанство.  Понатаму, Владата не кажува колку македонски државјани можеби и не знае колку македонски државјани живеат надвор од територијата на Република Македонија, колку се во брак со странци и колку деца имаат родено во странство што ќе побараат македонско државјанство, каква е нивната социјална и етничка сруктура, бидејќи странство за Македонија не се само Франција и Германија туку и Србија и Косово во неа. Со законот за државјанство на Република Македонија од 1976 година посебно беше разработено правото на државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ за прием во државјанство на Република Македонија. Доволно беше законски престој и живеалиште на териротирјата на Република Македонија за прием во државјанство на Република Македонија . При распаѓањето на поранешна СФРЈ па и годините потоа до донесувањето на актуелниот закон за државјанство на Република Македонија во 1992 година, никој не го суспендира правото лицата кои што имале пријавено законско живеалиште на територијата на Република Македонија да не можат да добијат државјанство и на Република Македонија во согласност со законот за државјанство на Република Македонија  од 1976 година. Тоа право со законот за државјанство на Република Македонија од 1992 година е продолжено заклучно до 11 ноември 1993 година. Тоа што некој го пропуштил тоа право не е вина на државата, или пак на органите на управата. Впрочем сите партии знаеја која е законската регулатива и можеа да агитираат помеѓу своите членови како што се прави вообичаено за остварување на сите законски права. Зошто уште, на крајот ќе кажам, сметам дека е безпредметен овој член да стои во законот, доколку значи се однесува само на овие лица, на овие граѓани кои што од 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште, постојано живеалиште на територијата на Република Македонија . Бидејќи од 1991 година до 2004 година, има поминато повеќе од 12 години, а цензусот сега што се предлага за добивање, односно за стекнување на лица со ддржавјанство на Република Македонија е само 8 години. Тогаш, аналогно на ова ново законско решение сите овие лица без никаков проблем доколку биле постојано на територијата на Република Македонија  со постојано живеалиште уште од 1991 година, значи без никаков проблем ќе си добијат државјанство на Република Македонија. Токму заради тоа, сметам дека нема потреба од посебно регулирање со овој член 14 на оваа материја.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Само кратко во целокупното образложение на овој амандман затоа што се спомна фактички дека Владата не дава никаков податок колку лица се во постапка пред МВР итн. До сите и во претходната фаза на носењето на Законот истакнавме и сега повторувам, до сите координатори на пратенички групи на 24 октомври минатата година беа доставени спецификација на сите постапки кои се пред Министерството за внатрешни работи. И уште еднаш ќе повторам, со тоа обраќање беа поднесени барања во текот на 2003 година. 1300 и пренесени постапки од претходната година 509, значи имаше вкупно 1809 предмети од претходната година од 2003 и од сите претходни години. Според тоа, не е точна тезата дека пратеничките групи ги немаа бројките. И уште еднаш повторно плашење со наводно 80 илјади и 100 илјади лица кои диво престојуваат е навистина нонсенс, затоа што во самиот член 7 точката 2, јасно кажува дека може да се стекне со државјанство ако законски и постојано живее на територијата на Република Македонија најмалку 8 години. Според тоа, диво престојување, ниту таква бројка е присутна во Република Македонија, диво престојување не може да значи некој да стекнува право на државјанство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Само, дополнително прашање до господинот министер. Кога веќе кажа дека има дадено информација до координаторите на пратеничките групи за бројот, меѓутоа, јас не видов никаде дека е дадено која е социјалната и етничката структура на оние кои што бараат државјанство, за да може да знаеме дали тие ќе паднат на товар на Буџетот на државата, или не.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дин Фатмир Асанани.

ФАТМИР АСАНИ:

Јас мислам дека членот 14 и за ДПА не е прифатлив со оглед на тоа дека е многу конфузен каде навистина за неколку граѓани кои на 8 септември со независноста на Македонија треба неопходно да стекнат државјанство без никаков услов. Бидејќи овде има услови, значи сите граѓани на Република Македонија кои во

тој ден имаа живеалиште барајќи ефективна врска да не бидат казнети и да не бидат приведувани и за нас ова е неприфатливо. Овој член требаше да биде многу поедноставен што ќе им овозможеше на сите граѓани на Република Македонија во денот на независноста на Република Македонија да го стекнат државјанството без никаков услов. Бидејќи имаме многу случаи, иако многу албанци имаат стекнато државјанство, тие по 7-8 дена тоа државјанство им е земено. Еве, пред мене имам 5-6 државјанства кои се дадени и можам да му ги предадам и на министерот, а по 10 години им е побарано од Судот во Куманово да им се земе државјанството. Затоа господо пратеник, не се ниту 100 илјади, ниту еден милион албанци, туку еден мал број на албанци кои со години живеат во Македонија, дури се и стари лица кои немаат државјанство со една причина што со дискреционото право не го стекнале тоа право.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Иако министерот не одговори на прашањето дали смета дека посебниот интерес на македонците по потекло да бидат во законот е дискриминаторска одредба во овој закон, во досегашниот закон и затоа се брише од страна на Владата. Јас сакам да кажам околу прашањето на сукцесијата. Основно прашање кое што се поставува во овој момент во однос на стекнување на државјанство, односно давање на рок за стекнување на државјанство по основ на сукцесија претставува што е причината за повторното отворање на прашањето за сукцесија на Република Македонија од бившата СФРЈ. Тоа беше еднаш регулирано во уставниот закон влезе, имаше рок до 1993 година каде што можеа да аплицираат сите оние лица кои што ги исполнуваа условите како што беше и во другите републики во тогашната СФРЈ кои што произлегоа од тогашната СФРЈ, меѓутоа, Република Македонија , еве сеуште не може да се ослободи од товарот на таа држава која што се распадна и денес повторно го отвораме тоа прашање за сукцесијата. Меѓутоа, основната дилема е дали отворањето на прашањето за сукцесија кое што се однесува по однос на стекнување на правото на државјанство на Република Македонија не го нарушува принципот односно, не создава нов принцип, или пристап кон ова прашање кое што може да се отвора и во други области кое што би било многу негативно ако се случи по однос на Република Македонија и по однос на нејзината позиција.

Во однос на стекнувањето на државјанство по овој основ сакам да истакнам дека Конвенцијата за државјанство, за стекнување на државјанство по основ на сукцесија предвидува 4 услови. Еден од тие услови е ефективната врска со државата каде што се аплицира за стекнување на државјанство. Вториот услов е постоење на постојано живеалиште во таа држава. Третиот услов е израз на волјата на апликантот. Четвртиот услов претставува територијалното потекло на оној кој што аплицира за добивање на државјанство по основ на сукцесија. Овие 4 услови од конвенцијата се дополнети во овој член со условот против нив да не се води кривична постапка во Република Македонија , како и условот да го владеат македонскиот јазик до степен до кој што можат да се разберат со околината и да бидат полнолетни. Сите овие услови кои што се наведени во член 14, од овој предлог за измени и дополнувања на Законот за државјанство се однесуваат на лица од поранешните републики на СФРЈ, затоа што согласно сукцесијата на СФРЈ Македонија го регулираше прашањето на стекнување на државјанство со Уставниот закон од 1991 година и со Законот за државјанство кој што беше донесен во 1992 година. При донесувањето на овие два акти беа регулирани во целост овие прашања и беше даден рок од 2 години сите оние кои што ги исполнуваат овие услови за сукцесија и за стекнување на државјанство на Република Македонија по пат на сукцесија да можат да ги остварат своите права и да станат државјани на Република Македонија. Ако сега се враќаме назад и повтроно го поставуваме и го отвораме тоа прашање, основната поента на ова не знам што е, меѓутоа, која е целта да се овозможи да аплицираат оние кои што во тие две години не успеале, или не биле жители на Република Македонија во тој период. Тогаш, мислам дека таа цел не би требало да преставува ниту јавен интерес на Република Македонија, ниту нешто друго, туку целта на Република Македонија треба да биде да добијат државјанство сите оние што се родени, кои живеат во Република Македонија и на кои социјалната состојба им овозможува да можат да ги реализираат сите права кои што произлегуваат од правото на постоење, од постоењето на правото на државјанство на Република Македонија. Значи, во сите овие услови што се наведени во членот 14 единствено од условите кои што се предвидени со Конвенцијата не е наведено територијалното потекло на апликантот, односно на лицето кое што бара и треба да стекне државјанство на Република Македонија. Зошто е тоа така, незнам, еве министерот се надевам дека ќе одговори на ова прашање. Меѓутоа логичен заклучок од сето ова е дека се работи за лица кои што немаат потекло од Република

Македонија . Значи, лица кои што не се родени на територијата на Република Македонија, а кои што во овој случај со донесувањето на вакво решение во овој закон треба да стекнат државјанство на Република Македонија.А кои се тие лица, од какво етничко потекло се, каде се наоѓаат сега, каде живеат, дали тие претстојуваат во овој момент во Република Македонија, или не, за тоа податоци треба да добиеме допрва кога ќе почне да се реализира овој закон, затоа што сега немаме такви предвидувања. Основно прашање е колку се тие лица. Има предвидувања дека тие претставуваат 50-60, 70 илјади лица, меѓутоа тоа ќе го каже времето и тогаш ќе можеме децидно со аргументи како што министерот го покажуваше тоа решение од претходниот министер, да кажеме колку се решенија за добивање на државјанство по основ на правото на сукцесија и со каква етничка структура и со каков социјален статус ќе бидат тие лица во оној момент кога ќе истече рокот за добивање на државјанство по овој основ.

А, овде се јавува и една друга дилема која што се однесува на член 19 од Европската конвенција за државјанство каде што, еве цело време слушаме дека донесувањето на овие измени во Законот претставуваат усогласување на Законодавството на Република Македонија со Законодавството на ЕУ, односно со одредбите на Европската конвенција за државјанство.

Во член 19 од Европската конвенција за државјанство стои дека земјите сукцесори прашањата за државјанство ги уредуваат со договори помеѓу нив. Дали Република Македонија  смета дека како сукцесор на поранешната, како дел од сукцесорите на поранешната СФРЈ може да склучи договор со поранешната, а сега не постоечка Социјалистичка Федеративна Република Југославија со цел да се почитува член 19 од оваа Европска конвенција за државјанство. Значи, ние во овој момент немаме со кого да склучиме таков договор и апсолутно отворањето на прашањето за сукцесија по однос на прашањето за државјанство е многу опасен правец кој што може да предизвика големи проблеми и за Република Македонија и за нејзината независна и суверена позиција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави г-динот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека предложениот амандман на членот 14 од измените е корисен и реален, а тоа од следните причини. Министерот не објасни на говорот на колешката Силвана Бонева која што зборуваше за бришење на овој член, бидејќи истиот е непотребен во законот. Веројатно имало таква потреба, ако не се изменеле другите одредби во законот поготово во однос на рокот за стекнување на правото на државјанство. Но, имајќи ги во предвид измените на членот 7 со член 3 од овој закон за измени и дополнувања, јас не ја гледам воопшто потребата на членот 14 кога било кој државјанин, односно странец во Република Македонија кој што поседува државјанство од било која поранешна република на СФРЈ, има и те како сега услови без постоење на овој член да истите го стекнат право на државјанство, да поднесат барање, бидејќи така пишува и во оваа одредба на овој член, нема стекнување на државјанство по автоматизам.

Што е целта на оваа одредба? Дали уште еднаш да потенцираме дека во Република Македонија  има граѓани или некој народ што живее, кој што стекнал државјанство, живее во Република Македонија, како што пишува овде пред 8 септември 1991 година дека требало да има регулирано живеалиште во Република Македонија , а исто така таквото живеалиште треба да го продолжи и до поднесувањето на барањето, да е во Република Македонија  со законит престој, што е сега оваа потреба, што регулира, кога во измените на членот 7 се дава можност секој таков граѓанин да поднесе барање и да добие државјанство доколку ги исполнува условите, бидејќи сега тој цензус е на 8 години, не е на 20 години. Со донесувањето на законот за државјанство 1992 година веројатно имало луѓе што не успеале тогаш, живееле две години, пет години station наназад, а отогаш наваму поминале толку многу години и со намалувањето на овој цензус од 15 на 8 години мислам дека тој член е безпредметен. Кои се причините во овој член дури и да ставаме одредба да поднесе барање за две години. Може да го поднесе и после 5 години, кога сака, кога сака ако има живеено во Република Македонија осум години, легален престој ако има, кога сака од донесувањето на овој закон секој странец кој живее во Република Македонија  и има легален престој може да поднесе барање. Дали ќе биде уважено тоа негово барање, тоа е друга работа.

Би сакал министерот сепак да даде едно објаснување, кои се причините ваквата одредба, ваквиот член да постои во едни вакви услови кога се изменува и членот 7.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам дали некој бара збор?

Г-динот Талат Џафери бара збор за реплика.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господин Манев вие сте правник и колку што знам работите ги гледате одкако е усвоен Законот за движење на странците во Република Македонија . Заборавате дека Република Македонија како составен дел на бившата федерација постои од 1945 година наваму. До моментот кога се усвојува новиот актуелен закон за престој и движење на странци во Република Македонија подразбирам дека во тој период постоел друг закон кој што вредел за бившата федерација и за движењето на населението внатре во федерацијата, во тоа време секој странец кој што бил надвор од границите на федерацијата. Конкретниот закон што се предлага и конкретниот член за кој што се зборува треба да ги реши тие прашања. Некој со претходните закони на федерацијата му било овозможено да престојува во Македонија, 1991 година и натаму му се брише живеалиштето по автоматизам, тој не живеел на марс г. Манев. Тој живеел на територијата, со осамостојувањето се вика Република Македонија како меѓународен политички субјект и врз таа основа неможе по автоматизам да се предложат сите луѓе за странци, туку со тоа што се дава како предлог овој практичен проблем се обидува да се разреши и со овој проблем односно со овој член треба да се разреши пашањето на луѓето што се пред смрт. Од 50-тите години живеат во Македонија врз основа на венчавање, родени им се деца, дадени во армијата и тие луѓе до ден денес не го решиле проблемот со стекнување на државјанството. Врз основа на законот на движење на странци по автоматизам е избришано тоа право. Не е исто она што се вели странец и оние кои што се наследени како население со закон за движење и престој на населението во бивша Југославија. Затоа ве молам не ги мешајте овие работи, бидејќи сте пред се правник. Работите се гледаат по континуитет. Причините треба да се решаваат во континуитет.

Уште еднаш до колку мислите дека Македонија постои од времето кога е усвоен Законот за престој и движење на странците мислам дека грешите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Манев, реплика на репликата, повелете.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Господинот Талат ги гледа сосема поинаку работите одколку истите да се засновани на закон . Дали постоело порано поинаков закон, дали поинаку имале статус странци

кои се движеле низ некоја држава, сепак Република Македонија треба да свати дека е држава од 1991 година и отогаш наваму секој граѓанин кој што престојувал во Република Македонија требало да има одобрено престојувалиште. Инаку, ако некој поминал или живеел додека оваа држава била во Југославија и тоа докажување на кој начин се докажуваше тогаш и сега по истото тоа докажување дека тој бил до 1991 година во Република Македонија а отогаш исчезнал или заминал на друго место тогаш нема место тој да бара државјанство во Република Македонија по ваков критерим , по автоматизам како што стои дека неговиот престој е од порано.

Што се однесува, во Законот стои дека продолжува да живее во Република Македонија. Секој што продолжил да живее во Република Македонија со членот 7 тој има право да стекне државјанство, во друг случај нема. Ако не го легализирал тој престој, ако престојува диво.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитувани колеги сакам да го исправам г. Ефтим Манев.

Македонија не е држава од 1991 година. Корените на Македонската држава се малку подалеку.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Манев реплика на репликата. Една минута г. Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Колегата Есад треба да знае дека Република Македонија како независна и самостојна држава е од 1991 година , а истата таа е формирана 1946-та година како држава во тогашна Народна Федеративна Република Југославија. Инаку не е од тогаш, тогаш била држава во една сложена држава. Република Македонија е од 1991 година самостојна и независна држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и ги замолувам колегите пратеници што не се во салата да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

Молам службите да утврдат точниот број на пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат прсутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 64 пратеници, значи можеме да преминеме на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 11 за, 51 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 14 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзаклиска и Илија Србиновски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзаклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Навистина изненадувачки. Мислев дека министерот ќе го прифати овој амандман затоа што решенијата во законот остануваат сосема исти, меѓутоа само се менува денот кога тој треба да почне да се применува. Тоа е од денот на приемот на Република Македонија во полноправно членство во ЕУ.

Овој амандман го предлагаме од причини што сите овие одредби од законот кои што претставуваат пред се и самите причини поради кои што беше даден овој предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство беше образложен од причини за усогласување на овој Закон со Европската конвенција за државјанство и создавање на еден од условите на патот кон прием на Република Македонија во структурите на ЕУ. Меѓутоа, самата имплементација на овие одредби за да може да се реализира потребно е прво да се направат анализи за тоа што ќе значи стекнувањето на нови државјанства односно стекнување на државјанство на нови лица во Република Македонија, да се види колкав број ќе биде тој, да се види од каков етнички, социјален, културен итн. состав ќе биде тој на тие лица со цел да

може Република Македонија подготвено да пристапи кон практично имплементирање на овој закон.

Во однос на рокот за стекнување, за престој како услов за стекнување на правото со државјанство на Република Македонија, кој што се намалува согласно овој закон од 15 на 8 години, исто така со пристапувањето на Република Македонија во ЕУ тој рок ќе може многу лесно да се примени и на тој начин да се отфрлат сите шпекулации дека овој закон е политички мотивиран, ова закон е со некои затскриени цели, туку навистина со прифаќањето на овој амандман ќе се утврди и ќе биде јасно кажано дека целта на овие измени на Законот за државјанство е приближување на Република Македонија кон стандардите на ЕУ и со тоа ќе се отфрлат сите политички димензии на овој проблем и ќе се остават само стандардите кои што важат во оваа област во ЕУ и оние стандарди кои што треба да бидат применети и кои што се компатабилни со нив од страна на Република Македонија .

Значи сите овие причини, а имајќи ги во предвид и резултатите од пописот кои што знаеме колку се дискутабилни, затоа што претходно имаше некои политички изјави во однос на нивната бројка, па изменувањето на таа броја на овој или на оној начин , условувањето од страна на потпретседателот на Владата Мусад Џафери дека доколку албанците не бидат 30% во Република Македонија тие нема да ги прифатат резултатите од пописот..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам излегувате надвор од темата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сметам дека сите овие прашања после утврдувањето на бројката на лицата кои што би можеле да стекнат државјанство на овие измени и дополнувања на овој закон ќе може многу лесно да се изанализираат и да бидат предвидени и потребните средства за нивно социјално осигурување, социјални надоместоци, можностите за нивно вработување во Република Македонија. Колку од нив ќе треба да влезат согласно Рамковниот договор како што тоа го прави Владата, да се вработат во разни јавни претпријатија, јавни институции, јавна администрација итн. Значи, целта е да може Република Македонија односно Владата на Република Македонија врз основа на издржана анализа да ги утврди сите овие параметри и после приемот на

ЕУ да влеземе со имплементација на овој закон кој што ќе значи навистина доближување на Република Македонија во ЕУ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 12 за, 49 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзаклиска и Илија Србиновски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Љупчо Балковски, Марија Којзаклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Ова е амандманот што од прилика претходно г. Коце Трајановски спомна дека во неформалните разговори изразив спремност еден амандман да прифатам. Ова е тој амандман, ако очекуваат друг амандман, меѓутоа идејќи понатаму Владата предлага наместо овој амандман да биде применаta наместо зборовите “1 јануари”, да се заменат со зборовите “од 1 март”. Значи законот би влегол во сила од денот на објавувањето а ќе се применува од 1 март 2004 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали предлагачите се согласуваат со овој Предлог на Владата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние не се согласуваме со овој предлог.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш амандманот ќе треба да оди на гласање.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас одев повеќе во правец на барањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа ако тие не го прифаќаат нашиот предлог, тогаш јас го прифаќам нивниот амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, суштината на амандманот станува составен дел на текстот.

Продоложуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ)

Никој не се пријави.

Процедурално бара збор г. Камчев.

(во салата не се слуша и не се разбира кој со кого разговара.

Г-дине Камчев дали процедурално барате. (не)

Не.

Г-дине Трајановски дали вие баравте процедурално?

Г-динот Трајановски, па г-динот Макрадули.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Дали може да ни повторите г-ѓа потпретседателке.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-динот Макрадули процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке бидејќи има уште шест минути до паузата барам седум минути пауза. Предлагам да продолжиме до 15,00 часот после паузата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред. На барање на пратеничка група јас тоа ќе го усвојам.

Инаку, само да одговорам на прашањето на г. Трајановски. Бидејќи вашиот амандман беше прифатен од страна на министерот преминавме понатаму. Продолживме со претрес на текстот на Предлогот на законот, повикав дали некој бара збор, никој не се ..

(реакција на пратнеиците ..)

Не бевте пријавени г. Трајановски.

Ќе се договориме по паузата, во ред. До колку имало технички проблем за да се слуша, ќе се договориме по паузата, тоа не е спорно.

Пауза еден час.

(пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани колеги, дали можеме да продолжиме по втората точка од дневниот ред?

Го молам претставникот на Владата ако може да влезе во собраниската сала.

Колеги, можеме да продолжиме.

Уште еднаш би го замолила претставникот на Владата да влезе во собраниската сала.

Инаку, ние сме на втората точка од дневниот ред тоа е: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Во претходната расправа имавме расправа по амандмани, таа расправа ја заклучивме и преминавме на другиот дел, сега следеше претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално бара господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпретседателке, вие рековте дека е заклучена расправата и врз основа на стенограмите ние, со оглед на тоа што имаше бучава, да не речам поголема галама во салата на Собранието, не слушнавме кога рековте дека се отвара расправа и кој бара збор. Потоа кажавте дека расправата се затвори.

Сметам дека е потребно да ни се овозможи да говориме по овој текст односно да се отвори расправа по текстот, ние како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ ќе бидеме

рационални во нашите дискусии, нема да се повтори она што беше повторено така што сметам дека може да се направи тоа, бидејќи тоа е наше право, сметам дека доста набрзина беше направено тоа и пак уште еднаш побаруван да ни се овозможи да пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да може да говорат на седницата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Трајановски.

Господинот Камчев.

НИКОЛА Б.КАМЧЕВ:

Госпоѓо потпретседател, јас мислам дека расправата по текстот на законот и амандманите беше иста работа, тоа се заврши, се заклучи расправата и мислам дека не треба да се продолжува односно да се враќа процедурата назад.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Камчев. Вака кога и стенограмите се проверени и како што рече и господинот Трајановски, точно мислам се отвори претрес по текстот на Предлогот на законот, прашав и погледнав кон пратеничката група, причекав немаше пријавени и го затворив претресот, и тука господине Камчев сте потополно во право. Мислам тоа е нешто што е неспорно. Меѓутоа, јас мислам дека би требало да направиме да имаме разбирање за потребата на опозицијата да се искаже по еден закон за кој што покажа голем интерес и во измината и минатата расправа. Инаку, јас мислам дека сите имаме предвид дека сакаме во текот, сите го имаме предвид дневниот ред каде што кон крајот на дневниот ред на оваа седница се наоѓаат точки со декларации за евроинтеграција и за поддршка на Македонската православна црква, која што ја работевме заеднички опозиција-позиција низ заедничка соработка и успеавме да најдеме заеднички решенија.

Мислам дека е во интерес на целото Собрание и во интерес и пошироко на граѓаните ние да покажеме една добра волја и дозволиме, значи да прифатиме дека веројатно моето кажување можеби не било, еве слушнато од опозицијата и да дозволиме една рационална расправа, јас сакам да му верувам и му верувам на господинот Трајановски кој рече дека ќе бидат рационални во исказот и верувам дека во една добра атмосфера ќе можеме да ја завршиме оваа точка за да преминеме на следните, затоа што утре е петок, последен ден од оваа недела, да можеме навистина на задоволство и наше и на граѓаните заедники со консензус да ги донесеме двете декларации кои се навистина значајни, недвосмислено.

Така еве одговорноста ја преземам денеска на мене, ве молам за разбирање и уште еднаш одиме со претрес по текстот ...

Процедурално господинот Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател. Вие лично нагласивте дека постапката за разгледување на текстот е затворена и добрата волја во работата на Парламентот не се искажува со нарушување на деловникот за работа на Парламентот, тоа право го нема никој од нас пратениците, но и вие како пратеник госпоѓо потпретседател го немате тоа право.

Мислам дека се се кажа во врска со проект законот на претходната седница, само ќе беше губење време да се повторат работите кои се веќе искажани.

Како што се знае Законот е вратен од Претседателот на државата, не е потпишан од истиот, амандманите ги слушнавме како и забелешките на дел од текстот не се прифатија од страна на Владата и имајќи ги предвид точките на дневен ред кои следат, како што нагласивте и вие, разгледувањето на Одлуката за апликација за членство во Европската Унија и други точки, мислам деа е непотребно да се отвори дебата по затворената постапка.

Нека бидат повнимателни пратениците во текот на постапката и нека се пријават на време кога треба, овој преседан не треба да го направите затоа што ќе биде пракса за нарушување на постапките и нешто што деловникот со ништо не ни го дозволува ова право.

Затоа би ве замолил ова прашање да не го направите, бидејќи ќе се злоупотреби во иднина како можност, како практика во работата на Парламентот.

Јас верувам дека имаат право да побараат поддршка и да се гласа да не се направи исклучок поради постапката.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално е пријавен господинот Ќенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Госпоѓо потпретседател, со сиот респект на вашите обиди да се усогласат ставовите помеѓу позицијата и опозицијата, сепак мислам дека чините преседан по заклучување на расправата по текстот на законот повторно враќање  на расправа не е ни во наша, а верувам и во ваша надлежност и се плашам дека во иднина вашата добра волја ќе биде злоупотребена од поедини пратенички групи затоа што еднаш

прекршен принцип или еднаш прекршен деловник ќе има далекусежни негативни импликации.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, потполно се согласувам со вас за принципите и исто така се обидувам принципиелно да работам.

Меѓутоа, треба да земеме предвид една објективна околност. Во моментот, по преслушувањето на лентата, а тоа може да се види, имаше одредена галама во салата. (Рекација од страна на пратениците од позицијата). Тоа е точно.

Колеги, имаше одредена галама во салата и јас би молела во иднина можеби и со микрофоните и со службите да видиме малку погласно да бидат посебно кога се води од претставник на жените оваа седница затоа што објективно гласот не можам да го прилагодам кон она што е направено технички кога го води колегата претседател.

Јас би ве молела, дозволете колеги, во меѓувреме јас не бев на ручек денеска, правев пошироки консултации со повеќе колеги. Консултирав колеги од различни пратенички групи и наидов на начелно разбирање за тоа да и се даде можност на опозицијата да се искаже.

Јас ве молам, можеби не е пренесено во рамките на пратеничките групи, меѓутоа начелни консултации направив. Мислам дека непотребно трошиме време, за ова време една дискусија ќе беше завршена. Господинот Трајановски кажа многу експлицитно дека ќе бидат рационални во своите дискусии. Јас му верувам на зборот.

Колеги, да се потсетиме дека пред Нова година исто имавме разговор за одредени работи од колегата Трајановски, тој збор беше оддржан. Нема потреба зошто да не си веруваме кога е веќе јавно искажано.

Би ве молела ако може да преминеме на претресот со тоа што има пријавени.

Господинот Ивановски бара процедурално.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, јас разбирам дека сега се обидуваме во знакот на добрата волја во расправата да најдеме некое решение, н треба да се има во предвид дека во изминатите две години една политичка партија од опозицијата ја базираше својата работа и се обидуваше со лажни аргументи, со сеење магла да и докаже на јавноста дека овој парламент под диктат на

владеачките партии работи спротивно на процедурата односно спротивно на деловникот.

Треба да се знае дека и вие лично признавте, но тоа е доблесно да се признае и од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дека процедурата до крај е запазена, дека сите инструменти за аргументација, за распава по овој закон не еднаш, туку два пати поради интервенција на Претседателот е искористена и дека заради бучавата, само да ве потсетам дека пред две недели овој Парламент до 03,30 утрината го донесе Буџетот на Република Македонија со 140 амандмани, со скокање по маси, со свирчиња, со викање, со удирање и тогаш бучавата не беше искористена како предмет позицијата да докаже дека еден закон не може да се донесе.

Доблесно е ако на крај вие во сугестија со потпретседателката, јас се согласувам дека тоа ќе биде нејзина лична одлука, ви се дозволи да се разговара и покрај искористувањето на сите процедурали и деловнички забелешки, но треба еднаш засекогаш на македонската јавност да и се покаже дека еве сега опозицијата е таа која малку, 5, 10, 15% се обидува да го прекрши деловникот, а така веќе не може да се продолжи затоа што се до сега овој деловник се запазуваше и се водеше по него и со свирчиња и со тапани и со транспаренти.

Сега, прекршување на деловникот малку според мене, а убеден сум дека го делат и останатите пратеници, не треба да се дозволи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално господинот Караџоски е пријавен.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Само една работа која потпретседателката не ја кажа.

Колеги немојте да сваќате дека некој нешто моли од вас да добие, а нешто што го нема. Потпретседателката е сведок уште на самиот почеток кога се отвори амандманската распава најавивме, лично јас, дека ќе имаме дискусии. Направивме компромис, договор, дека прво ќе се одвива амандманска расправа, а потоа ќе го добиеме зборот по претресот на Законот затоа што процедурата, со оглед на тоа што законот се враќа од страна на Претседателот, била таква. Тоа потпретседателката го знаеше.

Зошто во моментот ние не се пријавивме, затоа што навистина господинот министер не збуни со прифаќањето со еден негов предлог, па наш предлог и се

создаде една галама за да ние не знаеме што фактички се заклучи, што не значи дека опозицијата се откажала од дискусиите. Значи не сме го стиснале копчето на време, а потпретседателката тоа тивко го кажа, ние не ни слушнавме.

Сега почитувани колеги сакам друго да кажам. Господине Ивановски никој по маси не скокаше, тоа што го правеше опозицијата го правеше во рамките на демократијата, да не чувствувате и да не се надевате дека ќе бараме милост од вас, не бараме.

Еве, јас јавно во име на пратеничката група кажувам дека ние ќе се откажеме од дискусии, не сакаме пред се потпретседателката да ја доведеме во состојба да треба да одлучува нешто на кое вие утре ќе и замерате, спрма тоа, би што би, ние го прифаќаме и сватете дека не ве молиме да правите отстапки надвор од деловник, апсолутно немаме такви намери.

Меѓутоа, вистината е сосема друга и ништо не е страшно ако уште двајца,тројца дискутанти од опозицијата кажат она што мислат да го кажат.

Нашиот координатор најави дека ќе бидеме конструктивни, спрема тоа, еве ние, да ја заштитиме потпретседелката, да не ја доведуваме во незгодна состојба, се откажуваме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема потреба.

Господине Караџоски јас ви благодарам за вашата добра намера, меѓутоа, мене не ми треба ниту амнестија ниту заштита, јас сум сосема свесна за ова што го предложив и едноставно сакав да покажеме добра волја затоа што е навистина важно опозицијата во секоја прилика да може да се произнесе по одредени ставови.

Она што го кажа господинот Караџоски е точно, кога започнавме со амандманска расправа имаше реакција од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ зошто се прескокнува можноста за дискусија по текстот. Тогаш беше објаснето дека прво се амандманите потоа ќе следи претрес по текстот на Предлогот на законот и тие најавија дека имаат подготвено дискусии.

Ова е вистина и јас мислам дека би било коректно да останеме на предлогот да го прифатиме предлогот кој прво координаторот, јас сакам да слушнам од координаторот, бидејќи господинот Караџоски не е координатор, би молела уште еднаш за мислење на крајот што одлучија.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, јас ќе го кажам истото што го кажав на почетокот, ние сакаме да зборуваме по текстот на законот ако ни се дозволи ние ќе говориме за тоа и би сакале да ни се дозволи, независно од тоа што беше кажано сега.

Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ сакаат да говорат, тие говори ќе бидат рационални, ќе се увериме на крајот, затоа ставот е ист.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Даневски, процедурално.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, не е прв пат да се крши Деловникот и толкувањето на Деловникот го толкуваат тие што не треба, единствено што може да го толкува е претседавачот, т.е. претседателот на Собранието.

Имавме пракса во изминатиот период при гласање на било кој законски проект правиме циркуси со телефони ги викаме и тоа е кршење на Деловникот да се гласа закон. Никогаш не било замерено. Кога настана ситуацијата дали вие кажавте или не се побара пауза, да ја кажеме реалноста како што е, не дека се бара милост, мнозинството ќе одлучи. По барање на еден пратеник со 10 гласа за може да се изгласа и да не се зборува. И така ќе биде. Не е проблем. Туку, да се зборува за принцип, а непринципиелно да се чини, не е принципиелно. Секој законски проект што е гласан во овој Парламент секогаш вие го прекршувате, изгласаме, еднаш ако се изгласа неможе да повторувате гласање. Завршено е гласањето а вие тогаш викате дајте господа пратеници влезете да направиме 61 пратеник. Секогаш е така.

Сега не треба милост, јас се соглассувам со Жарко Караџоски нема милост, туку нека одлучи Парламентот да не се зборува, завршена е постапката, завршена е процедурата. Но, во принцип почитувајте го Деловникот како што треба, а немојте да го кршите по потреба. Не правете од Деловникот зелка раскупусана.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Деловникот си е во ред, меѓутоа, некогаш некои објективни ситуации има кои еве како сега смеата која била предизвикана од министерот еве на негова сметка отиде дека создал добро расположение во салата, па поради тоа не се слушнал мојот глас.

Јас ве молам колеги кој бара збор по текстот на Предлогот на законот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

За овој закон расправавме еднаш доста долго. Денес повторно доста долго. Ние овде сме држеле седници и по дела ноќ до сабајле. Сум седел и по 24 часа и сум ги слушал сите дискутанти. Ниедна седница, ни еден ден не сум отсуствувал, се со тоа што сметам дека секој пратеник има потполно право да си го изрази своето мислење, согласно Деловникот.

Госпоѓо потпретседател, сакам да укажам и во оваа прилика не сакам да им се скрати правото на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, на опозицијата да си го изјаснат своето мислење. Но, со прекршувањето на Деловникот, воведуваме една пракса која што понатаму ќе значи безредие во Парламентот. Еднаш прекршување, тогаш ќе немаме морално право било кога да кажеме од било кој пратеник, дали е Слободан Најдовски или некој од опозицијата, кога го прекрши Деловникот, тогаш немаме морално право на тој пратеник да му кажеме дека го крши Деловникот. И затоа, јас ги сфаќам пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дека сакаат да изнесат уште некои свои аргументи. Но, овде се работи по процедура. Овде се работи по Деловник. Деловник кој што тие господа пратеници во најголем број го донеле.

Затоа сметам дека, господин Караџоски исправно постапи, што сака принципиелно да се придржува кон Деловникот и дека ние немаме право да го кршиме Деловникот и треба да преминеме на гласање по однос на точката. Ако пак воведуваме практика, кога Деловникот повеќе не важи во Собранието, тогаш можеме така да работиме. Затоа сметам дека ние треба строго да се придржуваме кон Деловникот.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи Љупчобразование Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Талат Џафери имате процедурално, или? Веќе имавте.

Господинот Илија Србиновски, процедурално.

Ве молам, расправата беше затворена.

Предлогот на законот ..

Господин Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, не дозволувајте да викаме од место кога сме пријавени. Можете да видите дека сме пријавени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

После некој ќе каже скокаме по маси.

Значи, би сакал да кажам по однос на она што го изнесов овде, излегов да соопштам. Јас само кажав, да не доведеме никого во некаква состојба да вака се случува, замерки од една, од друга пратеничка група, значи, милостиња не бараме. Инаку, ако веќе станува збор дали со ова што би се случило на опозицијата да и се даде да продолжи да зборува, затоа што стана тоа што стана, ние бевме најавени дека ќе дискутираме.

Ако господинот Најдовски сака да укаже дека еднаш прекршен Деловник ќе стане пракса, јас само сакам да го потсетам истиот господин Најдовски дека тој Деловник е веќе многу пати прекршен. Само еден пример. Нели оние 5-те минути кои ни беа дозволени да расправаме по амандманска расправа, се прекршување апсолутно на Деловник и тоа од неговата пратеничка група беше предложено. Значи, ако е веќе тоа пракса, не јагледам причината зошто да не се удоволи, кога е веќе очигледна заблуда настаната и кога овој проблем може да се надмине со неколку конструктивни дискусии. За да не се тераме само со инает да ги решаваме работиве, господине претседателе, некогаш треба да се има и разбирање за добрите намери. Јас не ја гледам причината од сета оваа тензија. Досега, бидете сигурни дека ќе завршевме со дискусијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, јас бев отсутен и пред 15 минути. Ги прочитав стенографските белешки. Таму стои дека претресот беше затворен. Јас ве молам, ве молам господине Караџоски, ве молам. Ако се држиме до Деловникот, а јас се

држам до Деловникот, расправата е завршена. Имаат право и многу пратеници, ако направиме сега преседан, може утре друга пратеничка група да го прави, да каже дека не сме слушнале, сите сме должни и јас затоа секогаш барам мир и тишина. Сите сме должни да се чуеме. По Деловникот претресот е завршен. Според тоа предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Повелете господине Груевски, процедурално.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Јас уште еднаш би замолил почитуван господине претседателе. Значи, се случи ситуација во која што во Собранието имаше голема галама, потпретседателот на Собранието не беше слушнат од пратениците дека, кажа некои работи со кои практично ја затвори расправата и тоа беше вистинската причина зошто не се јавија пратениците за дискусија. Инаку, имаме многу пратеници за дискусија и многу работи да укажеме за подобрување на законот. Нема причина да се бега од расправа за овој закон, затоа што нашите намери се конструктивни, добри предлози и само може да се добие на квалитет на законот, доколку ни се овозможи да расправаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, Деловникот на ниеден начин не е прекршен по ова прашање. Јас не можам да бидам виновен, затоа што вие не сте слушнале дека, затоа што било галама. Јас воспоставувам и молам да биде мир и тишина. Према тоа, по ниеден основ не можете да ме обвините дека Деловникот е прекршен и дека по процедура не е работено. Имате стенограми, прочитајте ги, прашано е, има ли некој збор. Никој не се јави и после потпретседателката ја затвори расправата и ве молам, не сакам више навлегувам. Имам исто така право по Деловникот повеќе да не навлегувам во таква расправа, во дискусија, бидејќи тоа е исто така начин како сега ние ќе водиме дискусија и расправа. Јас не давам повеќе збор ни за процедурално.

Преминуваме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 61 за, нема воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Повелете процедурално господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Господине претседателе, основна задача на тој што претседава со седницата е да воспостави нормални услови за работа. Ако на седницата има голку галама да пратениците не можат да слушнат дека имаат можност да дискутираат, тоа значи дека нешто не е во ред со претседавањето на седницата. И тука се прекршува Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, затоа најавивте интерпелација. Ве молам.

Поминуваме на Третата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост, со предлог на закон.

Нема претствник на Владата.

Поминуваме на Четвртата точка - Предлог за донесување .. повелете, имате процедурално?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, веќе три минути стиснато е копчето за процедурално, а вие си терате со седницата. Треба да гледате во екранот.

Јас се извинувам што сум вака директен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, мое право.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Меѓутоа, јас барав процедурално уште ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од пола час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,15 часот)

Предлага да преминеме на Третата точка бидејќи претставникот на Владата по оваа точка е тука.

***Преминуваме на Третата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост, со Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на законот, со предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односо поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Трендафилов, вие барате збор по овој закон? (Да)

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во сите оние аргументи кои беа искажани од господинот Костов, во врска со Европската конвенција за државјанството, сакам да укажам еден факт, иако еден од неговиот тим, во една јавна дебата посочи дека Република Македонија е далеку подемократска земја од, на приме Велика Британија, токму во контекст на она прашање за кое зборувавме дека нашиот и постоен закон и идниот закон го познава институтот да се интервенира со жалба, доколку на лице кое бара прием во државјанството на Република Македонија ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трандафилов, ние поминавме на законот за индустрика сопственост. Ве молам, зборуваме за Законот за индустриска сопственост.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Некој мора да е носител на таа сопственост. Така?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, поминете на законот. Продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, доколку побарате прием во државјанство на Велика Британија, Владата на Велика Британија може да ве одбие и притоа ниту ви дава образложение зошто сте одбиени, ниту имате право на жалба до Владата на Обединетото Кралство. Додека во Република Македонија и со старата регулатива и со новата, институтот жалба и второстепено разгледување на одбиеното барање си постои.

Овде во неколку наврати на господинот Коство кој саркастично се насмевнува, му беше поставено прашањето ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Втор пат ве предупредувам дека сте надвор од темата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господинот Костов се согласува со тоа македонците да бидат дискриминирани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам исклучете го господинот Трендафилов.

Седнете си на место господине Трендафилов. Завршивме со тој закон. Лоша услуга правите и на вас самите и на вашата пратеничка група. Ве молам седнете си на место или продолжет да зборувате по законот за индустриска сопственост.

Има збор господинот  Владо Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претстваници на Владата, колеги пратеници,

Сакам да го искажам моето задоволство од донесувањето на овој закон за индустриска сопственост, со кој се уредени стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост. Основната измена по предложениот предлог за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост се состои во член 9 од Законот, а се однесува на промена на статусот на Бирото од заштита на индустриска сопственост, од органот во составот на Министерството за економија, во самостоен орган на државната управа, во својство на правно лице кое ќе се финансира од сопствените приходи. Вишокот на остварените приходи ќе ги уплаќа на сметка на Буџетот на Република Македонија. Сопствените приходи Бирото, врз основа на член 9-г ги остварува за работи кои произлегуваат од Мадридскиот договор за меѓународно регистрирање на трговски марки, Мадритскиот протокол за меѓународна регистрација на трговски марки, Хашкиот договор за меѓународно пријавување на индустриски дизајн, Договорот за проширување на патенти помеѓу Владата на Република Македонија и Европската

организација за патенти, како и од наплатата на трошоците на постапката за стекнување на правото за индустриска сопственост и од надоместоците за давање на информациски услуги. Со постоечкиот закон за заштита на индустриска сопственост, уредени се стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата на индустриска сопственост, согласно меѓународните стандарди.

Со овие измени на Законот се врши и усогласување на барањата кои произлегуваат од Европската унија и ТРИПС, како и потребите кои произлегуваат од зачленувањето на нашата држава во Светската трговска организација.

Со измените исто така се уредува прашањето на надзорот и се врши техничко подобрување на текстот на законот, со цел да се постигне усогласување на постапката за заштита на правата од индустриска сопственост.

Значењето на индустриската сопственост се потврдува и со фактот што во Светската трговска организација се дава посебен акцент на заштитата на овие права, што исто е регулирано и со посебен договор - ТРИПС. Исто така, во Спогодбата за стабилизција и асоцијација со Европската унија, индустриската сопственост е вклучена во приоритетните области во кои треба да се изврши усогласување со стандардите на Европската унија. Основните надлежности на Бирото за заштита на индустриска сопственост, произлегуваат и од Законот за индустриска сопственост и се однесуваат на управната постапка во признавањето на правата на интелектуалната, индустриската и комерцијалната сопственост. Посебен интерес привлекува можноста Бирото да превзема активности во промоција на индустриската сопственост. Ова е важно од аспект што пошироката јавност ќе има можност да биде запознаена со одредени технички достигнувања, т.е. патенти, со цел нивна примена како и поттик за идните иноватори. Сметам дека тие презентации треба да имаат поширок карактер, со демонстрирање на техниката, како еден од условите за одредување на правците на развојот кои лично сметам многу недостига во овие критични моменти од економскиот развој. Бирото превзема и одредени активности во насока на давање на помош во едукација на останатите учесници во спроведувањето на заштитата од индустриската сопственост, судии, инспектори, царински службеници, со посебен нагласен приоритет на запознавање на јавноста со значењето на оваа сопственост. Голем интерес и мотив повеќе за оние кои се занимаваат и работат на полето на развојот на техниката, привлекува поволностите што ги нуди овој закон, особено во полето на пронајдоците, кои ќе се користат во Министерството за одбрана, а се работи за пронајдоци од доверлив

карактер, заштитени со патент, за кој носителот од пронајдокот добива еднократен надомест, патенти кои се многу важни како од личен, така и од национален итнерес.

Од сите горе наведени причини јас ќе го подржам донесувањето на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Би сакал претходниот дискутант да ми објасни, особено во поглед на случувањата во Министерството за одбрана, во поглед на располагање со информации во поглед на располагање со информации кои можат да ги унапредат капацитетите на одбрана на Република Македонија, како е возможно ова што сега тој го зборува, истовремено да овозможува во Министерството за одбрана да се вработуваат луѓе со документи, за што Министерството со соодветната служба, значи со Секторот за безбедност и контраразузнавање, му докажува на министерот за одбрана дека документите кои се приложени се фалсификувани документи и истовремено да вработува луѓе со дипломи од Тирана, но истовремено самите вработени кои бараат да се вработат со тие дипломи од факултети во Тирана велат дека им останале 3 - 4 испити.

Мене ме интересира во поглед на првиот дел на моето прашање, во врска со доказот дека станува збор за фалсификувани документи кои ги има приложено лицето кое сака да работи во Министерството за одбрана.

Дали станува збор во Воената болница, дали станува збор во Секторот за логистика, дали станува збор за управите во Генералштабот на Армијата на Република Македонија. Како ние ќе се штитиме од посериозни последици ако постои ваква веќе востановена пракса која самите служби во Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Македонија го тврдат истото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Контрарелика господинот Илиевски, повелете.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Мислам дека не реплицира на моето излагање. Најверојатно не е во тек со тоа што дискутирав и најверοватно му реплицира на министерот Хари Костов.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ве известам. Без разлика што ќе се случи, како ќе се случи во однос на мене, јас веќе вакви реплики нема да дозволам, бидејќи по Деловникот имам право да дадам или да не дадам збор. Затоа ве молам да бидеме пристојни, да бидеме достоинствени.

Повелете господине Блаже Стојановски.

Се надевам дека ќе зборуваме по законот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

За да може да дискутираме за овој закон, треба да тргнеме од едно основно прашање кое треба претходно да се определи. Тоа прашање е кој може да поднесе барање за добивање на право на индустриска сопственост во Република Македонија. Сигурно тоа треба да биде државјанин на Република Македонија. За да биде државјанин на Република Македонија тој не може да добие државјанство на Република Македонија ако биде македонец по потекло, затоа што тоа како што слушнавме претходно било дискриминирачки ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блаже Стојановски, прв пат ве опоменувам да се држите до законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не зборувате. Зборувате за Законот за државјанство. Ве молам, ова е прва опомена.

Повелете продолжете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Претседателе, зборувам за националното законодавство. Зборувам кој е тој кој може да добие право на индустриска сопственост во Република Македонија . Ако го утврдиме принципот дека право на индустриска сопственост може да добие само

државјанин на Република Македонија , тогаш треба да определиме кои се тие лица на кои им е овозможено тоа. Ако тоа не е во согласност со Законот, тогаш кажете ми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине, за тоа донесовме Закон за државјанство и ве молам зборувајте за законот, втор пат ве опоменувам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ако е целта да биде одземен зборот третиот пат, целта на моето искажување е една дека правото на индустриска сопственост, законот што го носиме тука не е закон што може да се третира изолирано од останатите закони што се донесуваат во овој Парламент. А, останатите закони што ги носиме се однесуваат на многу прашања кои што директно засегаат кој тоа може да определи на кој начин да се добие тоа право на индустриска сопственост, што тоа претставува и кои се тие личности кои можат да бидат носители на тоа право на сопственост. Ако зборуваме за обврски на државата што претставуваат заштита на тоа право на индустриска сопственост, тогаш треба да знаеме што штитиме. Ако ние штитиме лица кои можат да добијат право на индустриска сопственост врз основа на државјанството што го добиле на РМ , а за тоа навистина критериумите што се поставени согласно важечките законине соодествуваат на тоа прашање...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојаноски.

Повелете г-дине Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам г-дине претседателе.

Го поздравувам министерот и сите колеги.

Денеска на дневен ред е Предлогот за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за индустриска сопственост, со Предлог на закон и јас би сакал да го искажам мојот став по тој Предлог на закон за измена и дополнување.

Со Законот за интелектуална сопственост се регулира начинот на земање, стекнување  обезбедување на правото врз индустриска сопственост во соглансост

со стандардите на меѓународните конвенции и договори кои се усвоени од стран ана Парламентот на РМ .

Во Законот, најголема измена претставува измената на членот 9, на Законот со што ќе се овозможи измена на статусот на Бирото за обезбедување на индустриската сопственост, од орган во рамките на Министерството за економија, во независен орган. Тој ќе се финансира од сопствени средства, а не од Буџетот и со други додатни средства што ќе ги обезбеди Буџетот на РМ, што го бара и ЕУ.

Бирото ќе се стекен со динамизам во своето функционирање, улога на промотор на индустриската сопственост и ќе ги обучува другите учесници во оваа област. Бирото тесно ќе соработува со Светската организација за сопственост, чија активност е заснована врз донесување на меѓународни норми и  стандарди во областа на интелектуалната сопственост , посебно склучување меѓународни договори. Светската организација за интелектуална сопственост нуди правна програма и техничка помош за државите во транзиција, за државите што се во транзиција кон пазарна економија.

Со оглед на фактот дека овој закон е донесен претходно, во рамките на законите што се донесени во насока на зачленување во СТО, тој е донесен без подзаконски акти и со Законот сега ќе се обезбеди овие подзаконски акти да се донесат од страна на директорот на Бирото. Едновремено се предивудаат и технички измени во адаптирањето на текстот на законот.

Значењето на интелектуалната сопственост е тесно поврзана со фактот дека во СТО се дава посебна нагласка на остварување на овие права, на обезбедување на овие права и затоа се регулираат со посебен договор. Во Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ исто така интелктуалната сопственост претставува приоритет и треба да се унифицира со стандардите на ЕУ.

Друга цел на овој закон е подобрување на текстот на законот а тоа се однесува на регулирање на роковите, продолжување на процесите, подобрување на титулите и други технички адаптирања.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Блаже Стојаноски бара реплика.

Повелете имате три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сакам да му реплицирам на претходниот говорник во однос на неговата подршка на самостојното финансирање на Бирото за индустриска сопственост односно на Бирото за индустриска сопственост до сега функционирало во рамките на Министерството за економија, а сега не само што му се обезбедува самостојно финанисрање односно онолку пари колку сакате ќе обезбедат, самото Биро ќе обезбеди, туку се доведува во ситуација директорот на Бирото за индустриска сопственост да носи подзаконски акти со кои што ќе се утврдат нормите и стандардите во обласата на овој вид на сопственсот.

Значи, ако претходниот дискутант смета дека на овој начин ние се приближуваме во процес или во движење кон ЕУ и кон стандардите и нормите на ЕУ со тоа што , а единствено кажуваме дека носиме закон со кој што кажуваме како треба да биде, а од друга страна веќе донесениот Закон каде што требале да се донесат подзаконски акти, каде што требало да се легулира ова прашање воопшто не е операционализиран во пракса, значи секогаш можеме да кажеме дека по една година Бирото нема да ги донесе тие, но бидјеки е процес што трае за утврдување на правата од интелектуална сопственсот и индустриска сопственсот во целина, после тоа ќе го менуваме Законот и ќе кажеме дека тоа влегува, пак се враќа во Министерството за економија, па после Владата ќе биде надлежна за донесување на тие подзаконски акти, затоа што тоа е процес што трае, па потоа пак ќе се востанови некоја друга причина и т.н. и цело време ова прашање останува нерегулирано.

Значи, овој пристап кон работите дека нешто е процес, како што слушнавме во врска со Тетовскиот универзитет кога се носеше дека е процес што треба да се решава правото на високото образование на албанците, па сега истиот тој принцип се применува и за правото на интелектуална сопственост, а истовремено зборуваме за носење на закон за државјанство каде што макеоднците по род да не бидат по пат на природување да можат да добијат државјанство на РМ и да имаат право да бараат индустриска сопственост од страна на РМ, сите овие работи сметам дека претставуваат само еден начин за да се замајува јавноста, а не претставува никаква суштина, никакво суштинско приближување на РМ или суштински чекори што се прават од страна на Владата на РМ со цел да се обезбедат вистински норми, вистински стандарди и вистинско обезбедување и заштита пред се на правото на интелектуална сопственост. Имаме случаеви каде што имаме најразлични видови на интелктуална сосптвенсот, на индустриска сосптвеност што се копираат. А, оние кои

прават работи што се за светски рамки, како што тоа беше случај со “Микросон” му се спречува од страна на Владата да ги извезуваат нивните пронајдоци. Ако тоа е развојот кон кој што се стреми оваа Влада, навистина сметам дека само зборуваме работи што треба да се кажат за да се кажат, а не да имаат своја суштина во нивното кажување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Бејта, имате една минута, повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Немам намера да ви реплицирам, бидејки пратениците од опозицијата, македонската опозиција, значи ВМРО-ДПМНЕ не се сериозни во работењето. Покрај тоа, не ја следат нашата работа што ја вршиме, што е многу голема работа што ја вршиме. Значи ние, овде, во ова Собрание носиме закони што се од интерес на сите граѓани. Ние сакаме со овие добри закони што ги усвојуваме граѓаните на РМ да имаат една добра перспектива и да одимекон светлоста, да одиме кон Европската заедница. Но, не да зборуваме со итно, не да зборуваем со инает, па затоа сакам да ви дадам на знаење на пратениците на опозицијата да бидат многу сериозни во работењето бидејки ова е највисок законодавен дом.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине  Трендафилов имате реплика?

Повелете, имате право на три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека основна намера на Парламентот на РМ е првенствено РМ да биде таму каде што е. Зборуваме за нејзината географска лоцираност. Немаме намера да се шетаме или да се возиме некаде, освен да ги задржиме тие права, тие содржини и таа функција онаму каде е таа дефинирана со Уставот на РМ.

Второ, ако Собранието на РМ може со цела должна почит севкупно кон претставниците на македонските граѓани овде во законодавниот дом елоквентно да

зборува за Законот за индустриска сопственсот, а при тоа да преку владиното мнозинство ја бојкотира на секој начин функционалната работа на Собранието на РМ во рамките на постапката за донесување на легализирање на дивиот малоречански универзитет и на Законот за државјанство , тогаш тоа со ништо не се доближува до основните принципи и декларативните заложби на политичките партии застапени во Собраието на РМ дека сакаме да се приклиучиме кон ЕУ како институционален дел, еден дел кон Европскиот Континент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас не сакам да ми се заблагодарувате. Јас сакам да ми овозможите да завршам со репликата. Таа е три минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно, као да е реплика на г-динот Бејта...

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

А, ми измина времето, тоа сакавте да кажете?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, не, Вие не реплицирате Вие дискутирате...

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Реплицирам. Јас се јавив за реплика. Ви кажав за што се јавувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, но репликата не е упатена во однос на говорот на г-динот Бејта.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Како да не е. Затоа што претходниот дискутант зборуваше колку овде во Собранието на РМ законите се носат во функционално приближување кон ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е контрар реплика, што Вие немате право.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас немам намера г-дине Јордановски да спорам со Вас. Јас се јавив за реплика на претходниот дискутант. Не Ви реплицирам вам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Но, тоа е само теоретски. Значи декларативно, тоа што во Собранието на РМ се прави, мојот сопартијец, г-динот Стојаноски зборуваше и во контекст на претходните закони што се донесени, а тесно врзано со законот што е сега на дневен ред, Законот за индустриска сопственсот. Мислам каква е смислата да зборуваме за индустриска сопственост, дали поради тоа што гонема логото на една терористичка организација може Собранието на РМ на своите страници да рекламира во биографијата и...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов и го одземам зборот.

Господине Стаменков имате реплика? (Не)

Господине Мавровски Вие сте за реплика?

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да проговорамне колку збора за овој закон.

Мислам дека законот требаше да биде во важност од 1.01.2004 година, денеска е 22.01...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, се извинувам баравте реплика или баравте збор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не, не, реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

За збор ќе се јавам подоцна.

Благодарам.

Значи, за сето ова што сакаме да направиме е само една единствена промена од Биро што било за индустриска сопственсот во состав на Министерството, да биде орган на државната управа и со тоа постигнуваме да едноставно ова Биро го извадиме надвор од сето ова. Но, мислам дека со ова не постигнуваме апсолутно ништо, затоа што гледајки го членот 3 од претходниот закон, каде што ќе треба да видиме што значи при заштитата на овие податоци што ги даваме, дека ќе дојдеме до ситуација да луѓе што едноставноне се државјани или луѓе кои моментално работат во Министерството за одбрана постигнуваат такви задолженија и задачи да голем дел од овие пронајдоци што се третираат во Законот за индустриското производство бидат подложни и можат самите тие да ценат дали тоа може да биде искористено во однос на  Министерството за одбрана, кога може да биде искористено и каде може да биде искористено, што им дава големо право доколку тие граѓани, како што кажавме, во вооj момент се примаат и премногу припадници од макеоднците од албанско потекло...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, оценувам дека не реплицирате и ви го одземам зборот.

Повелете г-дине Ванчо Стаменков , имате збор.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Оовј закон што е на дневен ред, Законот за изменвуање и дополнување на Законот за индустриска сопственост, со Предлог на закон регулира многу чувствителна  материја, а исто така многу важна материја што е од посебно значење за стопанството на РМ.

Имавме едно законско решение од 1992-1993 година, потоа измена во 2002 година, што беше донесена многу брзо за да аплицираме во СТО и таа измена

имаше свои пропусти и негативности. Затоа што тој закон требаше да стапи на сила на 1 јануари 2004 година, едноставно оваа измена требаше да ја однесеме пред 1 јануари за да имаме еден поквалитетен текст на закон.

Но, не дојдовме до тоа рокот во кој што требаше да се донесе законот гоиспочитуваме и успееме да го донесеме благодарејќи на Валдата што една цела година не седна и не изработи текст на закон што ќе одговара на тоа што треба да го имаме како закон за индустриска сопственост.

Зошто Владата чекала  седница на 26 декември за да еден вака значаен закон стави на дневен ред во Собранието и тоа по скратена постапка  со образложение дека не се работи за сложен и обемен закон?

Овој закон е и обемен и сложен. Посебно е сложен бидјеки регулира една сложена материја што битно влијае на индустријата во РМ, на стопанството,битно влијае на бизнисот и развојот на државата. Така што, да не се однесуваме на овој начин, да си ги признаеме грешките и да кажеме дека еве, не сме обрнале внимание или тој минситер кој бил таму во таа година не си ја завршил работата како што треба и не донел измена на законот на време, не го понудил во Собранието за да биде донесен. Тоа е причината. А не е причина затоа што законот не е сложен и не е обемен.

Инаку, оправдана е целта да се донесе. Основната цел е да извршиме измена односно создадеме законски услови за донесување подзаконски акти што требаше можеби да бидат однесени и порано, односно ова е во насока на апликацијата за членство во ЕУ. Тоа е основната цел. И сега тука се вметнува еден друг момент кој што битно влијае на поставеноста на органот што го спроведува овој закон, Бирото за индустриска сопственост, што беше како орган во склоп на Министерството за економија и корисник на Буџетски средства. Сега го усвојуваме како посебно правно лице кое што ќе има една посебна политика, сепак ќе биде контролирано, може да се каже од Министерството за економија и така сигурно ќе имаат и соработка понатаму, тоа е регулирано во Законот.

Мислам дека издвојувањето од буџетските средства на ова биро битно ќе влијае на работата на самото, бидејќи е регулирана и материјата дека средствата како вишок што ќе ги оствари бирото, ќе влезат во Буџетот на државата, така што јас не ја гледам смислата за издвојувањето. Значи, ова биро треба да троши средства по програмата што би ја донело на почетокот на годината. Ние, таква програма како Собрание ќе немаме можност да ја видиме, бидејќи ќе се работи за посебно правно

лице што ќе работи во биро колку финансиски средства ќе му бидат потребни за таа програма. Немаме информација за тоа како работело до сега во образложението на законот, колку трошеле буџетски средства, за што ги трошеле, така што сметам дека како пратеници сме во подредена состојба да донесеме еден ваков закон без доволни информации од страна на Министерството за економија. Законот кој што ни е доставен би требало да ги содржи овие информации, значи, за досегашните активности на ова биро за висината на средствата, на приходите и расходите кои што ги трошиме итн. Затоа, јас инаку на Комисијата за економија предложив, бидејќи рокот и така не можевме да го исполниме, во втората фаза на законот да оди на друга седница. Тоа значи на наредната седница, а меѓувреме да добиеме поточни информации и со тоа исто така ќе овозможиме и поголема транспарентност при донесувањето на законот, бидејќи ќе биде кај стопанствениците, претприемачите, кај фирмите едноставно даден е на увид и тие истите можат да дадат свој придонес за донесување на што поквалитетен закон, затоа што за нив и го донесуваме овој закон, за самите тие фирми односно за економијата, за стопанството. Така што, јас замолив да се гласа на Комисијата за тој предлго и таму едноставно толкувањето на Деловникот беше погрешно ставено до претседателот на Комисијата, дури и не го стави моето гласање како можност пратениците во Комисијата да се произнесат за него. Така, мојот предлог јас и до Собранието односно до министерот за економија, бидејќи е овде присутен, втората фаза на овој закон да ја разгледаме на наредната седница. Сигурен сум дека ќе имаме поквалитетен текст на законот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стаменков.

Повелете господине Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Имам конкретно прашање до министерот за економија. Претпоставувам дека знае во 1999 - 2000 година една приватна компанија во соработка со наменската индустрија во земјава, разви ракетен рачен фрлач, популарно наречен рис. За тоа имавме и јавна промоција на воениот полигон во Чојлија, па барем јас не успеав да сватам, можеби толку и ми е капацитетот, можеби и има некој пропуст, но би сакал министерот за економија да ми објасни, како ние сега како земја ќе можеме тој производ да го заштитиме, доколку со, да речеме, нацртите за ракетниот рачен

фрлач рис, располага лице кое официјално е припадник на Министерството за одбрана, а не е македонски државјанин и таму се има вработено со фалсификувани документи, а нацртите за ракетниот рачен фрлач му се достапни затоа што позицијата на која тој работи има право да располага, не само со тие, туку и со слични нацрти за други производи, со кои располага војската и Министерството за одбрана.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе,

Очигледно е дека пред малку не ме сфативте или го немате читано законот, за да можеме да ја завршиме репликата, но во секој случај останувам на тоа дека едноставно овој закон, ова што се и законски одредби, требаше да биде од 01.01.2004 година во важност. Јас повторувам дека денес е 22, значи, пред 02.02., сигурно дека тешко ќе биде во важност.

Од читањето на законот, ќе можеме да бидиме дека многу ингеренции од министерот се префрлаат на директорот на овој завод. На моето прашање зошто е тоа така, не добив конкретен одговор, дали се работи за министерот или се работи за директорот на бирото, сепак, мислам дека треба да напривиме критериуми и треба да направиме мерки и мерила, по кои што сите ќе се владееме при донесувањето, озваничувањето и работењето во Заводот и за донесувањето на сите одлуки. Вака, од едни права кои што беа досега дадени на министерот, министерот дали своеволно или еве по овој закон кој што го гледаме тука, ги префрла само на директорот на заводот, што значи неговите ингеренции во случајот, ингеренциите на директорот се зголемуваат на ниво на ингеренции на министер. Мислам дека тоа не е во ред и дека треба таа работа да ја провериме.

За ова што ви говорев, за членот 9-д, би сакал повторно да добијам една информација од министерот, ако може да ми ја даде, во членот 9-д, се говори дека Заводот во остварувањето на својата дејност соработува со другите државни органи, правни и физички лица и разменува информации со други заводи од странство,

освен ако за определен вид размена на информации со закон поинаку не е определено. Јас мислам дека тука треба да бидеме многу попрецизни, да добиеме информација што значи тоа, кои се тие информации, од кои области и во кои закони овие стојат, за да можеме да знаеме што е заштитено, што може како производ да биде донесен во странство и може како таков да биде реализиран. Мислам дека тука министерот има пропусти дека треба дополнително да добиеме објаснување за истото.

Понатаму, би сакал да проговорам за членот 63, кој што вие не го сфативте баш најдобро, а стои дека под став 1 член 63, користење на доверлив пронајдок, инаку, се работи, Министерството за одбрана има исклучително право да го користи доверливиот пронајдок и да располага со тој пронајдок. Тоа е став 1 и тоа е во ред. Но, за доверлив пронајдок заштитен со патент на носителот на правото му припаѓа еднократен надоместок, без оглед на тоа дали пронајдокот се искористува за потребите на одбраната и во кој обем. И, тука е, господине претседателе, големата дилема. Ако сега во моментот во Министерството за одбрана се примаат нови луѓе, кои не знам дали и можеме да ги наречеме доверливи и ако можат тој пронајдок да биде во интерес на одбраната или во интерес на било кого друг, а притоа да не одговара за ништо, оној што го носи пронајдокот како може сето ова да биде заштитен. Затоа што, тука е многу децидно кажано, се искористува за потребите на одбраната и без оглед на тоа дали ќе се искористи пронајдокот за Министерстовото за одбрана или во кој обем. Во став 3 на истиот член, висината на надоместокот од ставот 2 на овој член спогодбено ја утврдуваат подносителот на пријавата и министерот за одбрана. Значи, повторно недефинирана работа. Министерот за одбрана во кое својство со тој што го пронашол и што го дава пронајдокот може да преговара за висина на оштета и кој може да утврди, по кој критериум колкава е таа надокнада. Како што кажавме има Закон за патенти, каде што беше дефинирано колку што донесол, во кој дел од воената стратегија и воената технологија некој нашол пронајдок, колку тоа може на Македонија утре да им донесе пари. За тоа треба да се направи комплетна процедура.

Понатаму, член 64 за сите овие особености на доверливиот патент, значи, тој треба да биде заштитен во странство од домашни правни и физички лица за решавање по пријавите од ставот 3 на овој член е надлежен министерот за внатрешни работи. Повторно работиме со министер за внатрешни работи. Мислам дека критериумите воопшто не се направени. Значи, министерот за економија,

министерот за внатрешни работи и министерот за одбрана и тука доаѓаме во ситуација да говориме само со министри, а не со деловно и со право кое што треба да го спроведеме.

Во член 119 став 2, правото на користење на заштитениот географски назив важи 5 години, сметајќи од денот на донесувањето на решението. Би го прашал министерот дали е тоа европски стандард, дали е тоа некој надстандард или дали е тоа нешто кажано колку да биде кажано, дали тоа ќе биде 5 години, 10 години, една година, мислам дека воопшто не дефинира апсолутно ништо. Кажа некој број кој што треба да биде кажан.

Би сакал, затоа што и колегите и г. Стаменков кажа дека ни е предложен како закон, кој што воопшто не е сложен, кој што не е обемен и кој што е толку јасен, што треба да го донесеме во 2 минути, на господинот министер ќе му го прочитам членот 152 и после тоа, мислам негов е коментарот дали ќе сака воопшто да ми коментира или не, но членот 152, кој што го имаме сите пратеници пред нас и кој би сакал на македонската јавност да ја запознам гласи точно вака:

“По членот 230 се додаваат три нови члена, 230-а, 230-б, 230-в, кои гласат: член 230-а во членовите 10 ставови 1 и 3, 11 ставови 1 и 2, 13 став 1, 14 став 1, 15, 16, во називот на член 17, 17 став 1, 21 став 1, алинеја 1 и 3, 28 став 1, 30 став 1, 36 став 1, 44 ставови 1, 2 и 3, 47 ставови 1, 2, 4, 5 и 6, 48 став 1, 50 ставови 1, 2 и 3, 51 ставови 1 и 2, 52 ставови 1 и 2, 53 ставови 1 и 2, 54 ставови 1, 2 и 5, 57 ставови 1 и 2, точка 2, 58 став 1, 59 став 1, 60 ставови 1 и 2, 61 став 1, 62 ставови 3, 4, 5 и 6, 67 став 1, 68 став 1, точка 2 и 3, 69 став 2, 91 ставови 1, 2, 4 и 5, 93 став 1, претседателе, да не брзам? Полека, 98 став 1, 100 став 1 и 2, 103 став 1, 104 ставови 1, 2, 4 и 5, 106 став 2, 107 став 1, 109 ставови 1, 2, 3 и 4, 110 ставови 1, 2 и 4, 111 ставови 1, 2 и 3, 114 ставови 1 и 2, 115 став 1, 120 став 1, 122 став 2, 123 став 1, точка 2, 131 ставови 1, 2 и 3, 140 став 1, 2 и 3, 141 ставови 1 и 2, 142 став 1, 143 став 1, 2, 3 и 4, 144 став 1, 2 и 4, 145 ставови 1, 2 и 3, 147 ставови 1 и 2, 148 став 1, 154 став 2, 156 став 1, точки 2 и 4, 160 став 1, 163 став 3, 173 став 4, 180 став 1 и 4, 185 ставови 1 и 3, 186, 187, 189 и не знам уште колку 180 и уште колку ставови и сето ова мислам дека како пречистен текст, сите ние пратеници ова требаше да го добиеме. Ние овде добивме, ако вие можете да се снајдете, мислам дека е апсурдно да добиеме ваква информација за завршен текст за закон кој што треба после 8 дена, т.е. се извинувам од 01.01. да биде веќе во важност. Мислам дека министерот самиот ако го проверил ова, требаше сите овие преправки, поправки, доправки да

бидат завршени и да добиеме еден пречистен текст, за кој што ќе можеме да проговориме, дали воопшто тука има промени во законот или се променува само едно нешто. Се променува Бирото од функција на Министерството за економија, се прави завод кој што ќе биде независен надвор од државните органи. Таква работа не видовме и тука гледаме само бројки, букви, поправки, запирки, така што воопшто за пратениците кои го гледале и кои расправале по сето ова, мислам дека има доста непознаници.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Овдека ја завршувам денешната сесија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина во 17,05 часот).